# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на | 13 Март 2018 година |
| Општина Ѓорче Петров | Скопје |
| Излегува по потреба | Бр.3 Год. XIII |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и
работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за измена и дополнување на Програма за урбано планирање „Ф“ за 2018 година..........стр.2
2. Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за урбано планирање, Програмата за комунални дејности за 2017 година и Програмата за заштита на животната средина ........................................ стр.5
3. Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров 2017 година ..........................стр.34
4. Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на култура и поддршката на невладиниот сектор за период од 2017 година ..........................стр.41
5. Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за 2017 година ..........................стр.49
6. Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата од областа на образованието на Општина Ѓорче Петров за 2017 година..........................стр.59
7. Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за еднакви можности во Општина Ѓорче Петров 2017 година ..........................стр.72
8. Одлука за усвојување Годишен Извештај за реализација на Програмата за заштита, спасување и кризи за 2017 година ..........................стр.78
9. Годишен финансов извештај на Општина Ѓорче Петров за 2017 година ..........................стр.83
10. Завршна сметка на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2017 година ..........................стр.99
11. Одлука за исплата на надоместок на трошоци за организаторите на изборната кампања за Локални избори 2017 година ..........................стр.202
12. Одлука за измена и допонување на одлуката за давање на согласност на приватниот партнер „Трансмет“ ДОО – Скопје за продолжување на рок за изградба за административно-деловна зграда и подземен паркинг простор ..........................стр.205
13. Соопштение за иницијативи за изработка на Урбанистички планови..........................стр.206


**Март 2018 година**

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 199/14; 44/15; 44/15; 193/15; 31/16; и 163/16, член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров, пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), во првиот квартал од 2018 годона, Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров го дава следното :

**СООПШТЕНИЕ**

Се известуваат граѓаните и правните лица на територијата на градското и руралото подрачје дека во Општина Ѓорче Петров, се распишува:

Јавен повик за доставување на иницијативи за изработка на Урбанистички планови за првиот квартал од 2018 година

Јавниот повик се распишува согласно член 21 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 199/14; 44/15; 44/15; 193/15; 31/16; и 163/16) , во првиот квартал од 2018 годона. Во период од 12.03.2018 до 12.04.2018година. Сите заинтересирани физички и правни лица треба да достават иницијативи за изработка на Урбанистички планови од член 7 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање.

Предмет на иницијативите може да биде донесување на нов Урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки Урбанистички план или урбанистичко – планска документација, со конкретен предлог од подносителот на иницијативата.

Јавниот повик ќе трае од 12.03.2018 до 12.04.2018 година.

Јавниот повик ќе биде објавен на веб страната на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk, на огласна табла во општината и секторот за урбанизам и во информацискиот систем е – урбанизам, објава во службено гласило на општината и со објава во дневно гласило „Нова Македонија".

Заинтересираните правни и физички лица, иницијативите да ги достават во архивата на општината или архивата во секторот за урбанизам во писмена форма, или во електронска форма преку информацискиот систем е – урбанизам, во определениот рок.

За сите прифатени иницијативи подносителите ќе бидат на време информирани во писмена форма, или во електронска форма преку информацискиот систем е – урбанизам.

Прифатените иницијативи од Јавниот повик ќе бидат вградени во програмата Ф на општината за 2018 година.

Средствата за прифатените иницијативи за изготвување на потребната документација, треба да ги обезбедат подносителите на иницијативите - правни или физички лица.

**Број 03-883/1**
**од 08.03.2018 година**
**С к о п ј е**

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена и дополнување на Програма за урбано планирање „Ф" на Општина Ѓорче Петров за 2018 година**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Програмата за урбано планирање „Ф" на Општина Ѓорче Петров за 2018 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седмата седница на Советот, одржана на ден 13.03.2018 година.

**Број 09-829/1**
**од 13.03.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на Р.М. број 5/02) и член 20 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. број 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), член 95 од Законот за градежно земјиште (Службен весник на Р.М. број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16 и 142/16), член 16 став 1, точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14) Советот на Општина Ѓорче Петров на 7-мата седница одржана на 13.03.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на програмата за урбанистичко планирање „Ф“**
**на Општина Ѓорче Петров за 2018 година**

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на програма за урбанистичко планирање „Ф“ за 2018 година, објавена во („Службен Гласник“ на Општина Ѓорче Петров број 19/17).

**Член 2**

Се изменува и дополнува “Ф1“ програма за урбанистичко планирање во „воведот“ „Тековно-оперативните трошоци за урбанистичко планирање се наменети за подготовка на урбанистички планови“, начин што во последната алинеја зборот „планови“ се заменува со зборот „проекти“, после ова алинеја се додаваат четири нови алинеи кои гласат:

„-проекти за инфраструктура“
„-програма за поставување на урбана опрема“
„-програма за поставување на времени објекти“ и
„-програма за изведување на спортски игралишта“

Во насловот трошоци за изготвување на урбанистички планови - табела расходи група - стоки и услуги, подгрупа 4256- услуги за животна средина и просторно планирање во делот „изработка на детални и други урбанистички планови“ во точка 3 после алинејата „- водење постапки по иницијатива од правни и физички лица за изработка на УП“ се додаваат три(3) нову алинеии кои гласат:

„-програма за поставување на урбана опрема“;
„-програма за поставување на времени објекти“ и
„- програма за изведување на спортски игралишта“.

**Член 3**

Одлуката за изменување и дополнување на Програма за урбанистичко планирање „Ф“, во делот „Ф1“ Подпрограма за урбанистичко планирање на Општина Ѓорче Петров за 2018 година, е составен дел на Програмата за урбанистичко планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2018 година.

**Член 4**

Се задолжува Секторот за урбанистичко планирање, комунални дејности, заштита на животна средина и локален економски развој да изработи пречистен текст на Програмата за урбанистичко планирање „Ф“ и Подпрограмата за урбанистичко планирање „Ф 1.“ на Општина Ѓорче Петров за 2018 година.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на Општина Ѓорче Петров.

**Број 08-829/3** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 13.03.2018 година** **Претседател,**
**Скопје** **Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за урбано планирање „Ф“ , Програмата за комунални дејности и Програмата за заштита на животната средина за 2017 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишниот Извештај за реализација на Програмата за урбано планирање „Ф“, Програмата за комунални дејности и Програмата за заштита на животната средина за 2017 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седмата седница на Советот, одржана на ден 13.03.2018 година.

**Број 09-829/2**
**од 13.03.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 7-мата седница одржана на ден 13.03.2018 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за урбано планирање „Ф“ за 2017 година, Програмата за комунални дејностина Општина Ѓорче Петров за 2017 година и Програмата за заштита на животната средина за 2017 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот Извештај за реализација на Програмата за урбано планирање „Ф“ за 2017 година, Програмата за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2017 година и Програмата за заштита на животната средина за 2017 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-829/4** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 13.03.2018 година** **Претседател,**
**Скопје** **Илија Спасовски с.р.**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ-СКОПЈЕ

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ,**
**ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ЛЕР**

---

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА
## ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ, ПРОГРАМАТА
## ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА
## НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА ПЕРИОДОТ
## ОД 01-12/2017година

**Март, 2017 година**
**Скопје**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНА ПРОГРАМА Ф.1 ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ ЗА 2017 година

## 1. Изработка на Детални Урбанистички Планови-ДУП согласно нов ГУП на град Скопје 2012-2022год.

**1.1.** Според завршените постапки за Јавни набавка на услуги за Изработка на ДУП за сите градски четврти на територија на општината Ѓорче Петров, се избрани изготвувачи на ДУП, дефинирани цени, склучени договори и е отпочната работа за Изработка на ДУП-ови за градските четврти уште во 2013год.

**За плановите со поголеми Четврти од 30.00ха. градот Скопје треба да донесе УПЧ - Урбанистички план за четврт, па потоа да се отпочне со постапка за донесување на ДУП.**

**Дополнителен проблем е постапката за Е-урбанизам со која се менува и постапката за донесување на УПЧ. Град Скопје се уште нема изготвена динамика за тоа кои УПЧ ќе бидат донесени со добиена согласност од МТЦ, ниту за колку време ќе се екипираат службите во град Скопје и колку време треба за УПЧ кои тие треба да се донесат согласно Е-урбанизам.**

**Дел од договорите се постари од две години, но одбраните изготвувачи не се спремни за нивно раскинување, заради отпочнати и завршени договорни обврски, за кои платиле, а за целиот период обезбедиле и банкова гаранција.**

### 1.2 ДУП за четврт СЗ 06

**Големина на плански опфат: 45.61ха;**

**Фаза:** **Предадена Планска програма и донесен Урбанистички план за четврт СЗ 06 од Град Скопје.**

**Планот е отпочнат за работа, по даден налог од Општина, согласно новиот Закон за Просторно и урбанистичко планирање, (Службен весник на РМ број 199/2015година) постапката во е-урбанизам е во фаза на работа и се спрема Предлог план за отпочнување на Јавна анкета.**

**Цена:** **По договор**: **236.000,00ден.**

Платено: 000.00, 00 ден.

**За доплата:** **236.000, 00** ден.

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;

**Изготвувач:** **Ин Пума ДОО Скопје** ;

### 1.3 ДУП за четврт СЗ 16

**Големина на плански опфат: 47.38ха;**

**Фаза:** **Има донесен Урбанистички план за четврт СЗ 16 од Град Скопје.** Се спрема Планска програма и се усогласува предлог план за постапка во Е-урбанизам.

**Цена:** **По договор**: **680.797, 00 ден**

Платено: 000.00, 00 ден.

**За доплата:** **680.797, 00 ден**

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;

**Изготвувач:** **ГИМ МАКЕДОНИЈА АД- БИЛД- Скопје,**

**Период на**

**Донесување:** Се спрема план за постапка по е- урбанизам, планирано е планот да се донесе во 2017год. но мирува за да се одлучи дали да се води постапка за измена на ГУП, за дислокација на ЈСП и планираното депо за шински возила.

## 1.4 ДУП за четврт СЗ 13

**Големина на плански опфат:** **51.70ха;**

**Фаза:** **Предадена Планска програма, Се спрема Предлог план за Јавна анкета.**

**Цена:** **По договор**: **1.300.023,00 ден.**

Платено: 0 00.000, 00 ден.

**За доплата:** **1.300.023,00 ден.**

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;

**Изготвувач:** **Ин Пума ДОО Скопје.**

**Период на**

**Донесување:** **План во почетна фаза по добиен УПЧ за четврт СЗ 13. Постапката за донесување се планира за 2018год.**

## 1.5 ДУП за четврт СЗ 14

**Големина на плански опфат:** **64.96ха;**

**Фаза:** **Планот има одобрена планска програма, изготвен елаборат за ажурирана геодетска подлога и Предлог план со две завршени Јавни анкети. Се чека Мислење од Град Скопје.**

**Цена:** **По договор**: **1.633.120,00 ден.**

Платено: 764.640, 00 ден.

**За доплата:** **868.480, 00** ден.

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;

**Изготвувач:** **Иванов Инженеринг ДООЕЛ Битола.**

**Период на**

**Донесување:** **Се планира да се донесе во прва половина од 2018год.**

**1.6 ДУП за Четврти со површина помала од 30ха со отпочна постапка за донесување**

**1.7 ДУП за четврт С3 25**

**Големина на плански опфат: 28.49ха;**

**Фаза: Нацрт план без стручна ревизија - Планот е застанат заради детектирани проблеми во ГУП Скопје 2012/2022 (несоодветна регулација на коритото на река Вардар).**

**Цена: По Договор: 199.420,00 ден.**

Платено: 000. 00, 00 ден.

**За доплата: 199.420,00 ден.**

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;

**Изготвувач: ДПУ БИЛД ДООЕЛ Скопје.**

**Период на**

**Донесување: Се чека согласност на Проект за инфраструктура за регулација на река Вардар од град Скопје.**

**1.8 ДУП за четврт С3 02**

**Големина на плански опфат: 28.94 ха;**

**Фаза: Донесен план со постапка по Е-урбанизам**

**Цена: По Договор: 616.740,00 ден.**

Платено: 370.044,00 ден.

**За доплата: 246.696,00 ден.**

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;

**Изготвувач: Ин Пума ДОО Скопје,**

**Период на**

**Донесување: ДОНЕСЕН ПЛАН 2017год.**

**1.9 ДУП за четврт С3 12**

**Големина на плански опфат: 19.06 ха;**

**Фаза: Нацрт ДУП утврден на Совет и завршена јавна анкета.**

**Се спрема повторна јавна анкета.**

**Цена: По Договор: 477.900,00 ден.**

Платено: 286.740, 00 ден.

**За доплата: 191.160, 00 ден.**

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;

**Изготвувач: Иванов Инженеринг ДООЕЛ Битола.**

**Период на**
**Донесување: Не е донесен во 2017год. заради барање од граѓани до МТЦ, за кое очекуваат одговор.**

## 2. Изработка на Урбанистички Планови за Села согласно ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ “Ф 1 НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ЗА 2017година.

**2.1** **УПС за село НОВО СЕЛО**

**Големина на плански опфат: 126.56 ха;**

**Фаза:** **Изработена планска програма.Изработен предлог план за Јавна анкета.**

**Цена:** **По договор: 1.378.830,00 ден.**

Платено: 000.000,00 ден.

**За доплата: 1.378.830,00 ден.**

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;

**Изготвувач: ИН-ПУМА Доо Скопје.**

**Период на**
**Донесување: Се планира да се донесе до крајот на 2017год. ако не се спрема разработка на плокот на м.в. Блага Вода.**

**2.2** **УПС за село ВОЛКОВО**

**Големина на плански опфат: 328.20 ха;**

**Фаза:** Предлог план со одржана Јавна анкета и стручна презентација.

**Цена:** **По договор од 2015година: 1.853.615,00 ден.**

Платено: 000.000,00 ден.

**За доплата: 159.772,00 ден.**

**Средства:** обезбедени од буџет на Општина Ѓорче Петров-Скопје;

**Изготвувач: „ЛОУТЕК‘ Доо Скопје.**

**Период на**
**Донесување: Се планира да се донесе во текот на 2017год.**

## 3. Завршена постапка за одобрена проектна документација во 2017година - АУП:

### 3.1. Одобрени АУП во 2017год:

a. АУП за бензиска на ГП 7.7 од ДУП СЗ 03, изготвен од ИН-ПУМА Скопје
b. АУП за црква во УЗ Даме Груев, за ГП 1.2 на КП 2415/3 КО Ѓорче Петров 5-Лепенец, изготвувач Планерис Куманово,
c. АУП за А3 групно домување-дом за стари лица за ГП 1.1 на КП 419/1 и КП 414 КО Ѓорче Петров 1-Ново Село од Општакт Ново Село, нарачател општина Ѓ.Петров изготвен од ЗУМ Проект,

d. АУП за производен погон со магацин на КП 388/1 и 678/1 од Општ акт за Ново Село ,

e. АУП за ГП Б.2.5 на КП 494/37 КО Ѓорче Петров 1-Ново Село општина Ѓорче Петров од УПВНМ Клучка стопански двор изготвен од ТАЈФА ПЛАН

f. АУП за ГП Б.2.16 на КП 494/35 КО Ѓорче Петров 1-Ново Село општина Ѓорче Петров од УПВНМ Клучка стопански двор изготвен од ТАЈФА ПЛАН

g. АУП за изградба на објект – сервис за поправка на лесни и тешки возила на ГП Б.2.8 на КП 493/2 КО Ѓорче Петров 1-Ново Село општина Ѓорче Петров од УПВНМ Клучка стопански двор изготвен од ДОО УРБАН ГИС Куманово.

**4. Р Е К А П И Т У Л А Ц И Ј А:**

- **Донесени планови до крај на 2017година**

**4.1 Деталните планови за: СЗ 02; СЗ 03; СЗ 04; СЗ 08; СЗ 15; СЗ 18; СЗ 10; СЗ 11; СЗ 07, и Урбанистички планови за селата УПС Кучков:о и УПС Кисела Јабука, се донесени до 2017год.**

**4.2 ДУП кои се во постапка или се донесени до крајот на 2017год се: СЗ 12; СЗ 06; СЗ 14; СЗ 20; СЗ 13; СЗ 21; СЗ 25; и СЗ 16;**

**4.3 АУП-и одобрени во 2017год. вкупно 7.**

- **За проектни документации по барање на правни или физички лица, постапката за одобрување ја води општината, а средствата се целосно на инвеститорот.**
- **За проектните документации за потреба на општината, постапката за одобрување ја води општината, а средствата се обезбедени од буџетот на општината.**

**II. Подпрограма Ф.2. и Ф.3. за уредување на градежно земјиштеи уредување на просторот во руралното подрачје**

1. **Подпрограма ФА. и ФД.** За уредување на градежно земјиште класифицирано по основни сметки

**482.110 Подготовка на проекти вклучувајчи дизајн на улици, пешачки патеки, плоштади и други јавни површини**

**1. Во завршна фаза на изработка се основни проекти за изградба и реконструкција на повеќе улици во општината и тоа за:**

**1.1 Изработени се проекти за улици по ДУП Спортски Терени (за ул. Новопроектирана 4; 5 и 6)**
**1.2 Изработени се проекти за улици по ДУП СЗ 18 (за ул. Новопроектирана; 2; 5; 6 и 7;)**
**1.3 Изработка на проект за улици по ДУП СЗ 03 (изградба на ул. „1„)**
**1.4 Изработен е проект за велосипедско пешачка патека за с. Кучково**
**1.5 Во фаза на изработка се основни проекти за изградба и реконструкција на повеќе улици во општината: фекална канализација на ул. Радушка; Изградба на дел од ул. „Ѓуро Салај„ - спој со ул Виа Егнатиа.**
**1.6 Изработка на проекти по ДУП Зона мало стопанство**
**1.7 Изработка на проекти за ул. Апостол Петков**
**1.8 Изработка на проекти за продолжување на ул. Социјалистичка Зора и спој со Сремски Фронт; Сообраќајно решение за раскрсницата во сред село Волково**
**1.9 Изработка на проекти за дел од ул. Исаија Маџовски – спој со ул. Воин Драшковци и Зејнел Ајдини**
**1.10 Изработка на проекти за реконструкција на дел од пат од с. Орман –до Магистрален пат**
**1.11 Изработка на проект за реконструкција на пат од с.Волково – с.Кучково**
**1.12 Изработка на проект, сообраќајно решение за раскрсницата: влез од „ Полициска населба – до спој со улица према Сарај; реконструкција на пат за с. Никиштани**

За проектирање на улиците, согласно законската регулатива, избрана е фирма согласно Закон за Јавни Набавки при што како најповолна е избрана фирмата Градежен институт Македонија АД Скопје.

Средствата за изработка на проектите во висина од 1.939.212,00ден се обезбедени од Буџетот на Општината.

**481.210 Подготовка на проекти за јавни објекти**

**1. Изработен е основен проект за Реконструкција и изградба на МЗ во с. Кучково и во МЗ во н. Дексион**

За изработка на основните проекти, согласно законската регулатива, изборот на фирмата е ДГПИТУ ЛОУ ТЕК ДООЕЛ Скопје.

**482.120 Изградба на улици, пешачки патеки, плоштади и др. јавни површини**

**1. Изградба на улици**

А. **Со средствата обезбедени со меѓуопштинска соработка со Град Скопје завршени се улиците Црногорска2 со крациите 4; 6; 8; 10; и 12. Во с. Волково се изработени улиците 63 и 65** со финансиски средства од Вкупно: 5.424.137,00

Изведувач на работите беше ЈП Улици и патишта.

**Изведба на Новопроектирана2 кај Новата Полициска станица и Противпожарен д**ом во вредност од 3.713.585,00 ден.

Изведувач на работите беше МУЛТИКОРП ХОЛДИНГ КОМПАНИ ДООЕЛ Скопје

**За изградба на улиците, согласно законската регулатива, избрана е фирма за** вршење стручен Надзор над градбата. Изборот е извршен согласно Закон за Јавни Набавки при што е избрана фирмата ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје.

Б. **Во соработка со Владата на РМ преку Министерство за Транспорт и Врски се Реконструирани следниве улици: Браќа Чакреви; Гостиварска и Анастас Коцарев,** со финансиски средства од Вкупно:12.481.612,00 ден.

вршење стручен Надзор над градбата. Изборот е извршен согласно Закон за Јавни Набавки при што е избрана фирмата ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје.

В. **Изградбата или реконструкцијата на улици во Урбаниот и руралниот дел на општината со средства од буџетот, Се Реконструирани и изведени следните улици: Ул. 31; 53; и 33 во с. Волково ул. Пекљане 4 дел од ул. Антон Кецкаров;**

Овие улици ги изведе фирмата ЈУ БАЈ 2 која работата ја доби на тендер за Јавни набавки, Потрошени се вкупно финансиски средства од 6.844.000,00ден.

вршење стручен Надзор над градбата. Изборот е извршен согласно Закон за Јавни Набавки при што е избрана фирмата ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје.

Г. **Асфалтирање на крак на ул. Црногорска после пругата до вториот влез на гробиштаата во Ѓорче Петров со Л=300м.** Средствата се обезбедени од буџетот на Општината.

Д. **Изработена е комплетна реконструкција на „ Кружна улица 2 кај ООУ Мирче Ацев** со средства од Кредит на Светска Банка. Во должина од Л=300м

2. **Изградба на пешачки патеки, тротоари и др. јавни површини**

**Изработени се паркинг на ул. Социјалистичка Зора и пешачки патеки како и плато во с. Кучково**

Овие улици ги изведе фирмата ЈУ БАЈ 2 која работата ја доби на тендер за Јавни набавки, Потрошени се вкупно финансиски средства од 2.446.000,00ден.

вршење стручен Надзор над градбата. Изборот е извршен согласно Закон за Јавни Набавки при што е избрана фирмата ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје.

**В10. Детски градинки**

1. **Извршена е санација на кровот на детската градинка „ Кокиче„ во ООУ Ѓорче Петров**

**481.230 Реконструкција на јавни објекти**

1. **Извршена е Реконструкција на МЗ во с. Кучково** во вредност од **2.814.605,00ден. Работата ја изврши фирмата ДГТУ СВЕАН ИНВЕСТ ДОО Скопје кои работата ја добија на Јавен тендер.**

**ЛА. Подпрограма Спорт и рекреација(Капитални трошоци)**

**482.920 Изградба и одржување објекти за спорт и рекреација**

**1. Спортски терени-рекреација**

**1.1 Реконструкција на постоечки спортски терени**

**Извршена е реконструкција на повеќе спортски терени и тоа:**

**Во ОУ "Мирче Ацев" заменети се таблите и обрачите на кошевите во салата и надворешното игралиште, и извршена е делумна поправка на жичаната ограда околу игралиштето.**
**Заменети се таблите ,обрачите на кошевите и стативи на головите на повеќенаменско игралиште во населба Даме Груев и извршена е делумна поправка на жичаната ограда околу игралиштето.**
**Заменети се таблите ,обрачите на кошевите и стативи на головите на повеќенаменско игралиште на ул. Социјалистичка Зора и извршена е делумна поправка на жичаната ограда околу игралиштето.**
**Заменети се таблите ,обрачите на кошевите и стативи на головите на повеќенаменско игралиште кај Надвозникот и извршена е делумна поправка на жичаната ограда околу игралиштето.**
**Во ООУ "Страшо Пинџур" поправени се таблите на кошевите и обрачите.**

**Во ООУ "Димитар Поп Георгиев Беровски" поправени се таблите на кошевите , обрачите стативите на головите.**

**2. Детски игралишта**

**Извршени се поправки на повеќе детски игралишта( во реонскиот парк-на двете детски игралишта) на игралиштето кај новиот кружен тек при што е извршена поправка на реквизитите( лулашки, клацкалки, промена на подлогата од песок и сл.) и детско игралиште на ул. Социјалистичка Зора**
Средствата за реконструкција на спортски терени и одржување на детските игралишта се обезбедени од Буџет на Општина Ѓорче Петров за 2017год.

**3. Основни училишта**

1. Во текот на изминатиот период во основните училишта вршено е перманентно одржување на осветлувањето, водоводната и канализациона инсталација, дворните површини и сл. Пред почетокот на учебната година одвоени се средства и предадени на училиштата за поправки, бојадисување и слични поправки кои ќе овозможат непречено одвивање на наставниот процес.
   Средствата се обезбедени од Буџет на Општина Ѓорче Петров.

2. **Извршена е санација на подот од паркет и бојадисување на ѕидови во спортска сала во ООУ Димитар Поп Георгиев Беровски**
   **Поправка на Спортска сала и помошни простории во ООУ Тихомир Милошевски**
   **Пренамена на просторија за трпезарија и дневен престој во ООУ Тихомир Милошевски**
   **Санација на кровна конструкција и боење на ѕидови и спортска сала во ООУ Ѓорче Петров**
   **Санација на кровна конструкција и боење на ѕидови и спортска сала во ООУ Страшо Пинџур**
   Средствата за оваа градба ќе бидат во висина од 5.000.000,00
   Овие ќе ги изведе фирмата ЈУ БАЈ 2 која работата ја доби на тендер за Јавни набавки, вршење стручен Надзор над градбата. Изборот е извршен согласно Закон за Јавни Набавки при што е избрана фирмата ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје.

**ЈУ. Изградба на системи за одводнување и пречистување на отпадни води**

**482.310 Подготовка на проекти вклучувајќи и дизајн за фекална и атмосферска канализаци**

**Направени се повеќе проекти за фекална и атмосферска канализација со финансирање на општината кои средства се произлезени од законските обврски по основ на платен надомест за уредување на градежно земјиште.**

1. Завршена е изработка на Основни Проекти за Атмосферска канализација за ул. Гостиварска и ул. Анастас Коцарев
   За проектирање на улиците, согласно законската регулатива, избрана е фирма согласно Закон за Јавни Набавки при што како најповолна е избрана фирмата Градежен институт Македонија АД Скопје.
1. Изработено е Атмосверска канализација на ул. Браќа Чакреви
   Средствата се обезбедени од Буџет на РМ финансирано преку Министерство за Транспорт и врски.

**482.320 Изградба на фекална и атмосферска канализација.**

**А) Фекална канализација**

Направени се повеќе проекти со ко-финансирање на Град Скопје и општината кои се произлезени од Законските обврски по основ на платен надоместок за уредување на градежно земјиште, што ги изработи ЈП Водовод и канализација-Скопје.

1. **Завршена е фаза на градба на секундарна канализациона мрежа** во населба Даме Груев на ул.Арсо Мицков , крак на ул. Тиранска

   Изведувач на работите е фирмата ЈУ БАЈ2 Скопје

1.1 **Надзорот над градбата на фекалната канализациона мрежа,** согласно Закон за градба, го врши ЕВРО КОНСАЛТИНГ-Скопје(фирма избрана на тендер согласно Закон за јавни набавки).

Средствата за техничкиот надзор се обезбедени од Буџет на општината.

2. **Доградба на феклана канализациона мрежа во руралниот дел на општината** во делот на с. Волково, Кисела Јабука и Стопански Двор е во вредност од 33.538.500,00ден.со средства од Република Македонија, обезбедени преку Министерство за транспорти врски. Изградбата ја изведува „ЕНЕРГОМОНТ„ (фирма избрана на тендер согласно Закон за јавни набавки).

2.1 **Надзорот над градбата на фекалната канализациона мрежа,** согласно Закон за градба, го врши ЕВРО КОНСАЛТИНГ-Скопје(фирма избрана на тендер согласно Закон за јавни набавки).

Средствата за техничкиот надзор се обезбедени од Буџет на општината

3. Изработена е канализација на ул. „ Пробиштипска„ во должина од 120м.
4. Изработени се сливници на ул. Јосиф Ковачев со спој на ул. Штросмаерова.
5. Изработена е фекална канализација на дел ул. „ Арсо Мицков„ во должина од 150м.

Средствата се обезбедени од Буџет на општината изведувач фирмата ЈУ БАЈ2.

**ЈГО. Изградба на системи за водоснабдување**

**482.710 Подготовка на проекти вклучувајќи и дизајн за водоводна мрежа**

1. Направени се повеќе проекти со ко-финансирање на Град Скопје и општината кои се произлезени од Законските обврски по основ на платен надоместок за уредување на градежно земјишт, што ги изработи ЈП Водовод и канализација-Скопје.

1. **Завршена е изградбата на дел од водоводната мрежа на ул.Тиранска во н. Даме Груев**

   Изборот на изведувачот е извршен согласно Закон за јавни набавки, при што како најповолен е избрана фирмата ЕНЕРГОМОНТ, со кого е потпишан Договор за градба.

   **Надзорот над градбата на водоводната мрежа,** согласно Закон за градба, го врши ГИ Македонија-Скопје(фирма избрана на тендер согласно Закон за јавни набавки).

   Средствата за изградба се обезбедени од Буџет на општината.

**ЈА. Изградба на јавно осветлување**

**482.810 Подготовка на проекти на капацитети од енергетика (ННелектрична мрежа и топлификациона мрежа)**

- Направени се повќе проекти и со ко-финансирање на градот Скопје и кои се произлезени од Законските обврски по основ на платени надоместоци за уредување на градежно земјиште.

**482.820 Изградба на објекти од енергетско ниско-напонска електрична и топлификациона мрежа**

**2.** Направени се повеќе приклучоци на објекти со ко-финансирање на Град Скопје и општината кои се произлезени од Законските обврски по основ на платени надоместоци за уредување на градежно земјиште.
**3.** Изработено е ново улично осветлување на ул. Браќа Чакреви, Средствата се обезбедени од Буџет на РМ финансирано преку Министерство за Транспорт и врски.
**4.** Изработено е ново улично осветлување на ул. Гостиварска и ул. А. Коцарев Средствата се обезбедени од Буџет на општината.

**482.930 Реконструкција на објекти од енергетика (нисконапонска и топлификациона мрежа)**

**1.** На магистралните и собирни улици Градот врши замена на светилките, бидејќи одржувањето на овие улици е во надлежност на Град Скопје.

**2.** На локалните улици и јавни површини во надежност на општината во функција се околу 3.600 светилки од различни типови.
За исправноста на светилките и линиите за јавното (улично) осветлување се грижи Сектор за урбанизам- Одделение за инвестиции и тековно одржување.

Одделението интервенира секојдневно, **по пријави од граѓани** (телефонски или усмено) **регистрирани во пријавна листа за интервенции** или **писмени барања од група граѓани**, доставени преку Архива(службено).
По пријавната листа се врши **замена на не исправните електроелементи (светилки, пригушници, фасонки итн).,** а по барањата**,** но по претходно извршена анализа за потребните финансиски средства, се поставуваат нови линии за улично осветлување, согласно барањата.
На територијата на општината просечно дневно се вршат над 30 интервенции на светлечки места, штопретставува околу 1% од вкупниот број на светилки, при што е извршена замена на сијалици, пригушници, фасонки и други електроелементи.
Во изминатиот период од годинава извршено е следното:

1. поправка или промена на светилки;

- Живина 125њ.......................................................................................... 0
- Живина 250њ..........................................................................................35
- Обични 60 њ.......................................................................................... ... 6
- Метал Халоген 400њ............................................................................. 98
- Флуо 55њ..................................................................................................155
- Штедливи 11 њ........................................................................................49
- Штедливи 18 њ........................................................................................263
- Штедливи 40њ......................................................................................2.880
- Штедливи 70њ..........................................................................................98
- Штедливи 100њ...................................................................................... . .27
- Сијалица ВТФ 250Ђ...............................................................................142
- Заменска сијалица 150њ ...................................................................... 19
- Заменска сијалица 250њ.......................................................................42

---------------------------------------

Вкупно: 3.814

Оваа количина на променети светилки пресметано со бројот на работните денови изнесува 14 променети светилки на ден, односно интервенции на ден.

1. Флуоресцентни цеви и стартери од 18 до 36 њ..........................................193
2. Заштитно стакло200Ђ.................................................................................... 128
3. Сенил вкупно...................................................................................................68
4. Фасонки вкупно...............................................................................................124
5. Рефлектори (50Ђ , 70Ђ и 100Ђ) вкупно.........................................................69
6. Флуо-Арматури, Вандерми вкупно............................................................ 135
7. Електрични склопки (32А, 40А, 63А)вкупно и Грбенасти склопки....... 230
8. Затегачи вкупно............................................................................................. 66
9. Обрачи вкупно.................................................................................................. 9
10. Поцинкована лента 2Н30џ4........................................................................ 798м
11. Форел со сонда и тајмер............................................................................. .57
12. Метални столбови-канделабри вкупно.......................................................34
13. Дрвени столбови до7м вкупно ...................................................................... 9
14. Кабел ПГП 3џ1,5мм$^2$ 5х2,5 мм$^2$ /м$^1$................................................... .679
15. Кабел од разни профили м$^1$........................................................... 673
16. Друг електро материјал како осигурувачи, стеги, жица, стартер, прекинувачи и др. е евидентирано во градежните дневници и книги.

За извршените работи Одделението води обемна документација (градежни дневници, градежни книги, фактури и сл). Во градежните дневници внесени се податоци **за секој ден**, кога, на кои локации (улици) и какви електороматеријали се потрошени. **Комисијата за комунални работи** може да добие информации и да изврши увид за поединечни работи и периодично.

Нови линии, или реконструкција на линии за улично осветлување, поставени се на:

- крак на ул.51 во Стопански Двор
- крак на ул.52 во Стопански Двор
- на ул Гостиварска и ул. Анастас Коцарев
- на ул Браќа Чакреви

- Интервенции на поедини линии поради неизолирани проводници и несоодветен пресек на жиците поради прекината линија од ветер, снег и др., извршена е реконструкција, односно замена на проводниците(петта жица) на повеќе улици во руралниот дел на општината. Заменети се и подземни кабли поради оштетувања во уз Дексион.

Одделението интервенира и се грижи и за осветлувањето на објектите за кои е надлежна општината, како: спортски игралишта, детски игралишта, дворовите на градинките и основните училишта, урбани и месни заедници и паркот.

Во извештајот, збирно дадени се потрошените електроматеријали и друга опрема за извршените работи.

Средствата се обезбедени од буџетот на Општина Ѓорче Петров.

---

**Ј3. Јавно осветлување- поправка и тековно одржување**

**424.390 Одржување на други градби**

**1. Во текот на изминатиот период редовно е вршено одржување на часовникот и дисплејот во градскиот парк, со фирма претходно избрана согласно Закон за јавни набавки, при што е избрана фирмата ГЕО ХАЈД.**
**Средствата се обезбедени од Буџетот на Општината.**

**2. Фонтаните, пумпните построенија и резервоарите, редовно се се одржувани со фирмата избрана за таа намена, согласно Закон за јавни набавки, при што е избрана фирмата Турбо Инженеринг. Во текот на овој период извршена е замена на одредени пумпи кај бунарите и вградени се нови пумпи во пумпната станица во с.Кучково. Поради работа во реонскиот парк на Општинскиот објект, оваа година фонтаните не беа пуштени во работа.**
**Средствата одржување се обезбедени од Буџетот на Општината.**

**3. За новогодишното украсување на повеќе улици и јавни површини во општината, во 2016/2017год. Беа потрошени средствата во висина од 1.159.121,00ден што беа обезбедени од Буџетот на Општината.**

## III ПРОГРАМА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

### I Под Програма Ј.О. одржување на урбана опрема

### 424.440 Поправки и одржување на урбана опрема

- Реконструирани се повеќе парковски клупи и корпи за смет, заменети се даски 160 на оштетени клупи и 320 штрафови, извршена е поправка на корпите за отпадоци и други активности на територијата на општината. Фирмата за одржувањето на опремата е избрана согласно законот за јавни набавки, при што како најповолна е избрана фирмата ФИНА дооел-Скопје.

### II Под Програма Ј.Н. Урбана опрема(капитален расход)

### 480.190 Набавка на урбана опрема

- Извршена е набавка и поставување на нови 72 парковски клупи и 54 корпи за отпадоци кои се поставени на повеќе локации на општината. Постојано се одржувани постојните клупи со промена на скршени или оштетени даски, промена на штрафови, бојадисување на клупитеи поправка на постојните канти за смет.

| Ред.6 рој | Локација на поставување | КЛУПИ | КАНТИ ЗА СМЕТ |
|---|---|---|---|
| 1. | Алкалоидска зграда | 3 | 1 |
| 2. | Спортска сала Ново Село | 4 | 3 |
| 3. | Детско игралиште на Социјалистичка Зора | 4 | 4 |
| 4. | Болница св. Лазар | 3 | 5 |
| 5. | Последна станица на 4 Хром | 3 | 3 |
| 6. | На просторо кај Пошта | 1 | 4 |
| 7. | УЗ Хром испред згради | 2 | 1 |
| 8. | Хром градинка- игралиште | 2 | 2 |
| 9. | Хром игралиште кај Панко | 1 | / |
| 10. | Хром кај кружен ток | 2 | 1 |
| 11. | Хром на ул. Исае Маџоски | 2 | 6 |
| 12. | Хром на насп | 2 | 1 |
| 13. | УЗ Даме Груев испред згради кај новиот паркинг | 2 | 2 |
| 14. | Старски дом во Волково | 2 | / |
| 15. | Игралиште пред надвозник | 6 | 2 |
| 16. | Полициска станица | 4 | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. | Игралиште во Волково- Бранители | 2 | / |
| 18. | Детско игралиште во Ново Село | / | 4 |
| 19. | Пешачка патека на делот во Јурија | 5 | / |
| 20. | Стадион Македонија | 4 | / |
| 21. | УЗ Хром | 1 | 1 |
| 22. | Зграда на ул Мице Козар | 2 | 2 |
| 23. | Школо Волково | 2 | 2 |
| 24. | УЗ Хром школо | 4 | 2 |
| 25. | Ново игралиште Соц. Зора | 8 | 8 |
| 26. | Ул 4ти Јули( кај теснец) паркинг | 1 | / |
| | | | |
| | ВКУПНО | 72 | 54 |

- Фирмата за набавка и поставување на опремата и одржување на постојната е избрана согласно законот за јавни набавки, при што како најповолна е избрана фирмата ФИНА дооел-Скопје.

Средствата за оваа позиција и за поправки на опремата се обезбедени од Буџет на општината.

**III и В Под Програма Ј.3. и Ј.А. Јавно осветлување и изградба на нови линии за јавно осветлување**

- Прикажано во претходната програма
- Фактурите од ЕВН за потрошена електрична енергија за јавно осветлување

**IV Под Програма Ј.4. За Јавна чистота**

**421.190 Други комунални работи**

1. Со цел да се подобри хигиената на улиците и другите јавни површини, во општината редовно се ангажирани триесет невработени (социјално загрозени) кои секојдневно се ангажирани заради подобрување на комуналната состојб, како и 21 социјален работник ангажирани преку Агенција за вработување.

2. Во текот на годината повеќекратно се направени акции со ЈП Комунална Хигиена за отстранување смет од дивите депонии , при што се дигнати околу 350 $м^3$ смет кој е депониран во Депонија ДРИСЛА.
3. За расчистување на дивите депонии, поправка на пристапните патишта и други површини, согласно Законот за Јавни набавки одбрана е фирма ЈУ-БАЈ 2, која во текот на годината очисти депонии од градежен шут и отпаден материјал во количина од околу 3500 $м^3$ , поправени- тампонирани се повеќе улици пред се во Волково, Кисела Јабука и

Стопански Двор, кои значително беа оштетени од обилните дождови во пролетниот и летниот период.

Средствата се обезбедени од буџетот на ОПштина Ѓорче Петров.

4. Извршено е чистење на каналот за одводнување во Стопански Двор до Ново Село во должина од 1500м.

   Средствата за акцијата и чистењето на каналот се обезбедени од Буџет на Општина Ѓорче Петров.

5. Извршено е чистење на каналот за одводнување од влезната глава во с.Орман па се до центарот на с.Волково, во вкупна должина од 2500м.

   Средствата за чистењето на каналот се обезбедени преку Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ.

**VI Под програма Ј.6. Одржување и заштита на локални патишта и Сервисни и стамбени улици на територија на Општина Ѓорче Петров**

**424.320 Одржување на локални патишта и улици**

1. Санирањето на ударните дупки по улиците се врши пролетно и есенско(зимско одржување).

   Ударните дупки по улицитеза кој е надлежен Град Скопје-ги санира градот, а општинските –Одделението за тековно одржување и инвестиции.

   Истите се санираат(крпат) , по пријава од граѓани и по увидот на терен од вработените.

   При интервенциите за свои потреби, фирмите ЕВН, Македонски Телекомуникации, ЈП Водовод и канализација и др., оштетувањата на асфалтните површини имаат обврска сами да ги санираат(вратат во првобитната состојба).

   Во текот на изминатиов период извршено е крпење на ударните дупки и санирање на прекопи со топла асфалтна маса на следните улици:

   -улици во нас. Хром Ѓорче Петров и нас. Дексион,
   -улици во Кисела Јабука,
   -улици во Стопански Двор,
   -улици во нас. Даме Груев и
   -улици во с. Волково.

   Во тек е есенско крпење на ударни дупки и санирање на поголеми оштетувања на асвалтните коловози со договор со фирмата БИТЕМ Скопје.

   За оваа намена е потпишан договор во вреднос од 1.998.920,00 ден.

2. За зимско одржување на локалните патишта и улици, во тек е постапка за јавна набавка за избор на фирма за зимско одржување.

   Средствата за оваа позиција во висина од 4.000.000,00 ден се обезбедени од буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**VII Под програма Ј.Д. Изградба и реконструкција на локални патишта и сервисни станбени улици**

1. Со оглед дека средствата од ЈП за државни патишта драстично се намаллија(за околу 50%), предвидените средства се користат само за летно и зимско одржување на локалните патиштаи улици и за активностите за пробивање и тампонирање на улици кое е прикажано во претходната Програма.

2. Општината изврши реконструкција-надградба на дел од улиците во руралниот дел на општината и тоа на оние улици каде се завршени подземните инсталации(водовод и фекална канализација и каде се направени куќните приклучоци).

**VIII Под програма Ј.Ф. Изградба и сообраќајна сигнализација**

1. Во тек на изминатиов период, два пати е вршено бележење на улиците во општината, при што е обновувана хоризонталната сигнализација на поважните сообраќајници( ул.Ѓорче Петров, ул.Лука Геров, ул.Христо Батанџиев, ул.Кичевска, ул.Панајот Гиновски и извршено е бележување на игралиштата и сл.).
2. Извршена е набавка на 60 сообраќајни знаци и истите се поставени на најкритичните места на улицитекои се спојуваат со улици од повисок ранг(значи СТОП и знаци за првенств на минување).
   Средствата се обезбедени од Буџет на Општина Ѓорче Петров.

**IX Под Програма Ј.Г. Изградба на систем за водоснабдување**

Активностите од оваа под програма се прикажани во претходната програма.

**X Под програма Ј.И. Изградба на систем за одводнување на отпадни води**

Во текот на 2017год. Исчистен е каналот за наводнување –одводнување кој поминува низ с.Орман, с.Волково и дел од каналот во с.Ново Село во должина од 2500м.

Средствата се обезбедени од буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**XI Под програмаЈ.М.Изградба и реконструкција на парковски површини и зеленило**

1. Спроведени се акциите за Одбележување на денови на пролеттаи екологијата со садење садници во училишните дворови и градинките, одржани се еколошки часови и сл. Р1-Програма.
2. Поддржана е акцијата на Влада на Република Македонија за пошумување на голинитесо масовно учество на населението. Во општината се посадени нови садници во сите основни училишта, детски градинки и обновени се дрвореди на дел од улиците. Р1-Програма.

3. Уредени се површините околу ново изградените улици, игралишта и околу школските објекти и градинки, со хумизирање, набавка и садење на квалитетни садници од дрва и затревување на зелените површини.
   Средствата за горе наведените позиции се обезбедени од Буџет на Општина Ѓорче Петров.

**Ј8. Други комунални услуги**

**424.230 Дезинфекција, дезинсекција и дератизација**

Извршена е пролетна и есенска дератизација против глодари при што третирани се над 2000 шахти на целата територија на општината.

Средствата се обезбедени од Буџет на општината.

## XII. СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Во одделението за спроведување на урбанистички планови во 2017год. примени се 1973 предмети за решавање. Од вкупниот број предмети за решавање , решени се 1985.

Согласно законот за легализација на бесправно изградени објекти примени се 12.161 предмети, од кои решени се 6204 заклучно со 12/2017год. , а 5.957 се во постапка на решавање.Примените предмети се со следната структура:

**ИЗВЕШТАЈ**
**ОД 01-12/2017**

| Ред. број | ВИД НА ПРЕДМЕТОТ - (барањето) Оддел за спроведување на урбанистички планови | Примени предмети во 2017 год | Нерешени предмети од предходен | Вкупно од графите 3 и 4 | Решени предмети во 2017 год. | Останати предмети за решавање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. |
| 1. | ИЗВОДИ ОД ДУП | 1341 | / | 1341 | 1341 | / |
| 2. | ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ | 99 | 28 | 127 | 116 | 11 |
| 3. | ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ – ДОГРАДБА ИЛИ НАДГРАДБА | 26 | 4 | 30 | 29 | 1 |
| 4. | ОДОБРЕНИЕ ЗА АДАПТАЦИЈА-ПРЕНАМЕНА | 10 | 1 | 11 | 8 | 3 |
| 5. | ОДОБРЕНИЕ ЗА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ | 17 | / | 17 | 17 | / |
| 6. | РЕШЕНИЕ ЗА ИЗМЕНА ВО ТЕК НА ГРАДБА | 52 | 2 | 54 | 48 | 6 |
| 7. | ОДОБРЕНИЕ ЗА УПОТРЕБА НА ОБЈЕКТ ЗАПИСНИК ЗА ТЕХ. ПРИЕМ | 74 | 3 | 77 | 77 | / |
| 8. | ЗАВЕРКА НА УРБАНИСТИЧКИ | 107 | 6 | 113 | 104 | 9 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ПРОЕКТИ | | | | | |
| 9. | РЕШЕНИЕ ЗА КОИ НЕ Е ПОТРЕБНО ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДБА РЕШЕНИЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ОГРАДА | 9 | / | 9 | 7 | 2 |
| 10. | ПОТВРДИ, ОДГОВОРИ ЗА ИНСТИТУЦИИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА | 151 | / | 151 | 151 | / |
| 11. | ЗАКЛУЧОЦИ, РЕШЕНИА ЗА ИСПРАВКА, ИЗМЕНИ И ДР. | 73 | / | 73 | 73 | / |
| 12. | РЕШЕНИА ЗА ПРОМЕНА НА ИНВЕСТИТОР | 14 | / | 14 | 14 | / |
| | **ВКУПНО ОД ТАБЕЛА:** | **1973** | **44** | **2017** | **1985** | **32** |

| **Примени предмети за легализација погодини:** | **РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ** | | | | | **ОСТАНАТИ ПРЕДМЕТИ ЗА РЕШАВАЊЕ** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2011година-10916**<br>**2014година - 42**<br>**2015година - 150**<br>**2016година - 1053** | **2011<br>2012<br>2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | |
| **Вкупно 12161** | **90<br>735<br>1676** | **1268** | **968** | **902** | **565** | **5957** |
| **ВКУПНО ОД ТАБЕЛА 12161** | **6204** | | | | | |

1. Надоместок за уредување на градежно земјиште по основ на издадени одобренија за градба во урбаниот дел на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2017 година **примени се 51.018.725,00 денари.**

2. Наплата на комунална такса по основ на издадени одобренија за градба во руралниот дел од територијата на Општина Ѓорче Петров за 2017 година **наплатени се 3.424.542,00 денари.**

3. За предметите кои се завршени за легализација на бесправно изградени објекти до сега се уплатени вкупно **6.366.549,00 денари.**

## XIII. СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ СОГЛАСНО АКЦИОНИОТ ПЛАН ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

**Мерка 1: Објекти во надлежност на Општина Ѓорче Петров( градинки, објекти на основни училишта)**:

- Изработени се барања за средства за реконструкција на кровови во ОУ Мирче Ацев, ОУ Ѓорче Петров и ОУ Јоаким Крчовски.Барањата се поднесени во Министерство за образование и наука на РМ –Програми за инвестиции./Подобрување на условите во основното образование. Согласно објавените резултати , ОУ Ѓорче Петров и ОУ Мирче Ацев беа опфатено со програмата за финансирање/реконструкција на кров во текот на 2014год, но се изврши реконструкција само на ОУ Мирче Ацев.
- Извршена е целосна реконструкција на кровот на градинката Калинка во УЗ Мирче Ацев.
- Извршена е целосна реконструкција на објектот во кругот на ОУ Беровски, кој е пренаменет за детска градинка.

- Изготвени се барања за изградба на нови, реконструкција, доградба и адаптација на постоечки објекти на детски градинки и ОУ(енергетски-ефикасни) и сите се доставени до Министерство за труд и социјална политика на РМ и Влада на РМ во следниот редослед и тоа за:

1. Реконструкција и адаптација на објектот Пошта во С.Волково за детска градинка во населено место Волково–рурален дел на Општината(локација-објектот на Македонски Телекомуникации)
2. Надградба на постоечкиот објект(кат) на ЈОУД –детска Градинка Росица, објект “Калинка”
3. Изградба на 1 тракт на постоечката ЈОУД –детска Градинка Росица, објект “Детелинка”
4. Изградба на комплетно нов објект на постоечката локација на која во моментов се наоѓа ЈОУД –детска Градинка Росица, објект “Кокиче”-Дексион;
5. Надградба на ОУ Тихомир Милошевски,
6. Догрдба на ОУ Беровски, подрачно училиште во Хром со капацитет за деветолетка.

**Мерка 2: Јавно осветлување/ Замена на светилки со енергетски-ефикасни**

**На територијата на општината во изминатото деветтомесечие, направена е замена на неисправни електроелементи**(светилки, пригушници, фасонки итн.) со енергетски-штедливи, и тоа:

- Штедливи 11 w.................................................................................................41
- Штедливи 18 w.................................................................................................203

- Штедливи40w.......................................................................................2380
- Штедливи 70w.........................................................................................68
- Штедливи 100 w...............................................................................22

---------------------------------------------------------------------------------

Вкупно штедливи светилки: **2714**

Средствата потрошени за Мерка 2 се обезбедени од другите програми од буџетот на општината.

## ИЗВЕШТАЈ НА ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА

1. **Под Програма ЈО одржување на урбана опрема**

**424.440 Поправки и одржување на урбана опрема**

- Реконструирани се повеќе парковски клупи и корпи за смет, заменети се даски.140 на оштетени клупи,280 штрафови, извршена е поправка на корпите за отпадоци и други активности на територијата на општината. Фирмата за одржувањето на опремата е избрана согласно законот за јавни набавки, при што како најповолна е избрана фирмата ФИНА дооел-Скопје.

**ИИ Под Програма Ј.Н. Урбана опрема(капитален расход)**
**480.190 Набавка на урбана опрема**

- Извршена е набавка и поставување на нови .72 парковски клупи и 54.корпи за отпадоци кои се поставени на повеќе локации на општината. Постојано се одржувани постојните клупи со промена на скршени или оштетени даски, промена на штрафови, бојадисување на клупитеи поправка на постојните канти за смет.( локациите се дадени во предходните програми)

Средствата за оваа позиција и за поправки на опремата се обезбедени од Буџет на општината.

2. **Под Програма Ј4 за Јавна чистота**

**421.190 Други комунални работи**

1. Со цел да се подобри хигиената на улиците и другите јавни површини, во општината редовно се ангажирани триесет невработени (социјално загрозени) кои секојдневно се ангажирани заради подобрување на комуналната состојб, како и 21 социјален работник ангажирани преку Агенција за вработување.

2. Во текот на годината повеќекратно се направени акции со ЈП Комунална Хигиена за отстранување смет од дивите депонии , при што се дигнати околу 350 $м^3$ смет кој е депониран во Депонија ДРИСЛА.
3. За расчистување на дивите депонии, поправка на пристапните патишта и други површини, согласно Законот за Јавни набавки одбрана е фирма ЈУ-БАЈ 2, која во текот на годината очисти депонии од градежен шут и отпаден материјал во количина од околу 3500 $м^3$ , поправени- танпонирани се повеќе улици пред се во Волково, Кисела Јабука и Стопански Двор, кои значително беа оштетени од обилните дождови во пролетниот и летниот период. Средствата се обезбедени од буџетот на Општина Ѓорче Петров.

4. Извршено е чистење на каналот за одводнување во Стопански Двор до Ново Село во должина од 1500м.
   Средствата за акцијата и чистењето на каналот се обезбедени од Буџет на Општина Ѓорче Петров.
5. Извршено е чистење на каналот за одводнување од влезната глава во с.Орман па се до централот на с.Волково, во вкупна должина од 2500м.
   Средствата за чистењето на каналот се обезбедени преку Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ.

3. **Под Програма Ј7 - Одржување и користење на паркови и зеленило**

**424.390 Одржување на други градби**

1. Во текот на изминатиот период редовно е вршено одржување на часовникот и дисплејот во градскиот парк, со фирма претходно избрана согласно Закон за јавни набавки, при што е избрана фирмата ГЕО ХАЈД.
Средствата се обезбедени од Буџетот на Општината.

2. Фонтаните, пумпните построенија и резервоарите, редовно се се одржувани со фирмата избрана за таа намена, согласно Закон за јавни набавки, при што е избрана фирмата Турбо Инженеринг. Во текот на овој период извршена е замена на одредени пумпи кај бунарите и вградени се нови пумпи во пумпната станица во с.Кучково. Поради работа во реонскиот парк на Општинскиот објект, оваа година фонтаните не беа пуштени во работа.
Средствата одржување се обезбедени од Буџетот на Општината.

**424590 Одржување на други зелени површини**

1. Спроведени се акциите за Одбележување на денови на пролетта и екологијата со садење садници во училишните дворови и градинките, одржани се еколошки часови и сл. Р1-Програма.
2. Поддржана е акцијата на Влада на Република Македонија за пошумување на голинитесо масовно учество на населението. Во општината се посадени нови садници во сите основни училишта, детски градинки и обновени се дрвореди на дел од улиците. Р1-Програма.

3. Уредени се површините околу ново изградените улици, игралишта и околу школските објекти и градинки, со хумизирање, набавка и садење на квалитетни садници од дрва и затревување на зелените површини.

   Средствата за горе наведените позиции се обезбедени од Буџет на Општина Ѓорче Петров.

**4. Под програма Ј8 - Други комунални услуги**
**424.230 Дезинфекција, дезинсекција и дератизација**

Извршена е пролетна и есенска дератизација против глодари при што третирани се над 2000 шахти на целата територија на општината.
Средствата. се обезбедени од Буџет на општината.

**424.390 Одржување на други градби**

Фонтаните, пумпните построенија и резервоарите, редовно се се одржувани со фирмата избрана за таа намена, согласно Закон за јавни набавки, при што е избрана фирмата Турбо Инженеринг. Во текот на овој период извршена е замена на одредени пумпи кај бунарите и вградени се нови пумпи во пумпната станица во с.Кучково. Поради работа во реонскиот парк на Општинскиот објект, оваа година фонтаните не беа пуштени во работа.

Средствата за одржување се обезбедени од Буџетот на Општината

**4. Под Програма Р1 - Заштита на животна средина и природа**
**426990 - Други оперативни расходи**

1. Учество во акциите „Македонија без отпад" и „Ајде Македонија"

Проектот на Министерството за животна средина и просторно планирање и Асоцијацијата за чиста животна средина „Ајде Македонија" продолжи да се спроведува по четврти пат во нашата земја, како национална акција за чистење. Со тоа Општина Ѓорче Петров и секако Република Македонија се вклучија во глобалната акција Лет'с До Ит Њорлд, подржана од Европскиот парламент и спроведена во 110 земји во светот.

1. Спроведени се акциите за Одбележување на денови на пролетта и екологијата со садење садници во училишните дворови и градинките, одржани се еколошки часови и сл.

2. Поддржана е акцијата на Влада на Република Македонија за пошумување на голините со масовно учество на населението. Во општината се посадени нови садници во сите основни училишта, детски градинки и обновени се дрвореди на дел од улиците.

3.„ Есенска акција за чистење - 2017 "- Согласно заклучоците од работниот состанок на Градоначалникот на град Скопје со директорите на јавните претпријатија и претставниците од комуналните сектори на општините одржан на 02.11.2017 година а во врска со

организацијата на есенската акција за чистење, , Општина Ѓорче Петров се приклучи на акцијата која има за цел да го исчисти отпадот кој се наоѓа на несоодветни места во околината, да развие свест кај граѓаните за правилно управување со отпадот и да развие механизми за подршка на граѓаните, општините и други засегнати групи за подобро да се справат со неорганизираното и незаконско фрлање отпад во нивните заедници. За таа цел, Општина Ѓорче Петров ги превзеде следниве активности:
Вработените во администрацијата на општината, беа ангажирани на две локации и тоа:

На ден 10.11.2017 година – петок

- Вработените во Општинската зграда и одделение за инспекција на локација
ОУ „Ѓорче Петров" и градинка.
Одговорно лице: Лука Поповски

- Вработените во Секторот за урбанизам и одделение за легализација на локација
ОУ „ Димитар Поп Ѓорѓиев - Беровски " во населба Хром и градинка
Одговорно лице: Бобан Пешевски

На ден 11.11.2017 година – сабота

- Вработените во Општинската зграда и одделение за инспекција на локација ОУ „Мирче Ацев" и градинка . Одговорно лице: Лука Поповски

- Вработените во Секторот за урбанизам и одделение за легализација на локација ОУ „ Страшо Пинџур " во населба Даме Груев и градинка. Одговорно лице: Бобан Пешевски

5. **Под програма Н1 - Основно Образование**

**481.210 Подготовка на проекти за деловни објекти**

**1.** Изработен е основен проект за доградба на ПОУ Беровски- подрачно училиште во УЗ Хром со големина за деветолетка,
2. Изработен е основен проект за доградба на детска градинка во УЗ Хром,
3. Изработен е основен проект за доградба на градинката во Калинка во УЗ Мирче Ацев.

Средствата за изработка на проектите се обезбедени од Буџетот на Општината.

**424210 Одржување на згради**

1. Во текот на изминатиот период во основните училишта вршено е перманентно одржување на осветлувањето, водоводната и канализациона инсталација, дворните површини и сл. Пред почетокот на учебната година одвоени се средства и предадени на училиштата за поправки, бојадисување и слични поправки кои ќе овозможат непречено одвивање на наставниот процес.

**6 Под програма Л0/ЛА – Спорт и рекреација**
**482.920 Одржување на други градби**

**1.1 Одржување на постоечки спортски терени**

**На сите спортски терени во општината сукцесивно е вршено одржувањето на теренот, реквизитите, а најчесто поправка или замена на дел од жичаните огради.**

- **Во ООУ Мирче Ацев заменети се таблите и обрачите на кошевите во салата и надворешните игралишта и извршено е делумна поправка на жичаните огради.**
- **Во ООУ Страшо Пинџур поправени се таблите на кошевите и обрачите.**
- **Во ООУ Тихомир Милошевски извршена е поправка на дел од жичаната ограда околу игралиштето.**

**1. Детски игралишта**

**Извршени се поправки на повеќе детски игралишта ( во реонскиот парк-на двете детски игралишта) на игралиштето кај новиот кружен текпри што е извршена поправка на реквизитите( лулашки, клацкалки, промена на подлогата од песок и сл.).**
**- Во ПОУ „Јоаким Крчовски„ - мз Никиштане, завршена е реконструкција на детското игралиште, со промена на клацкалките, лулашките и др.**
**- во уз “Хром” извршена е поправката на реквизитите од детското игралиште.**

Средствата за реконструкција на спортски терени и одржување на детските игралишта се обезбедени од Буџет на Општина Ѓорче Петров за 2017год.

**8.1 Под програма ЛА – Спорт и рекреација(капитални трошоци)**
**482920- Изградба на други објекти**

- **Во УЗ Дексион завршена е градбата на повеќе наменско игралиште, кое е комплет снабдено со сите реквизите за спортување на младите во мал фудбал, кошарка или ракомет**

Средствата за изградба се обезбедени од буџетот на РМ, преку Агенција за млади и спорт на РМ- за повеќенаменското, додека другите средства за уредување на просторот со новите содржини се обезбедени од Буџет на Општина Ѓорче Петров.
- Во текот на овој период изградени се повеќе игралишта за билдирање на децата уредени со реквизити и тоа во непосредна близина на постојните повеќе наменски играличта и тоа во Даме Груев, на ул. Социјалистичка Зора, во УЗ Хром во просторот на месноста Јурија.

Средствата за изградба се обезбедени од буџетот на општината.

**6. Под програма ДА месна самоуправа(Капитални Проекти)**
**481230-Реконструкција на деловни објекти**

Предвидените реконструкции на објекти на месна самоуправа и изградба на нови објекти на месни заедници се во фаза на тендерска постапка за избор на најповолен изведувач.

**7. Под програма ЕА- Капитални трошоци на општината**

**482930- Реконструкција на други објекти**
**480160-Купување на опрема за греење и климатизација**

Предвидената реконструкција (кров, климатизација, доградба) на Дом за Култура на Општина Ѓорче Петров не се реализираше во 2017год. поради немање финансиски средства во буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за остварување на социјална заштита на Општина Ѓорче Петров за 2017 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишниот Извештај за реализација на Програмата за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров, за 2017 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седмата седница на Советот, одржана на ден 13.03.2018 година.

**Број 09-829/3**
**од 13.03.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 7-мата седница одржана на ден 13.03.2018 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2017 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот Извештај за реализација на Програмата за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2017 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-829/5**
**Од 13.03.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ - Скопје

# И З В Е Ш Т А Ј

**за реализација на програма на Општина Ѓорче Петров во областа на социјална , детска и здравствена заштита во за период 01.01.- 31.12.2017 година**

Скопје
Март 2018

# I. ВОВЕД НА ИЗВЕШТАЈОТ

Извештајот е изготвен во насока да даде целосна слика за реализација на активностите предвидени во Програмата за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2017 година (во натамошниот текст : Извештај), кој беше донесена од Советот на Општина Ѓорче Петров.

Согласно наведеното, Извештајот ги вклучува планираните и реализираните средства поединечно за секоја категорија опфатена во Програмата, по износи и програма од Буџетот и според соодветната документација и финансиски извештај за реализација 01.01-31.12.2017 година.

# II. Реализација на програмата на општина Ѓорче Петров во областа на социјалната , детска и здравствена заштита за 2017 год

## А. Во делот за социјалната и здравствената заштита остварени се следниве активности :

- **Еднократен паричен надомест за новороденчиња**

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста | Во 2017 год. поднесени се 285 барања за еднократна парична помош за новороденче.<br>Од нив одобрени се вкупно 288 лица, ( 3 л се од 2016 год. ) од кои 105 машки баратели, а женски 183. Исплатени се 5 решенија за близнаци Вкупно се потрошени 1.465,000ден, со платен персонален данок во износ 162.903ден.<br>Предвидени сретстава во 2017 год. за новороденчиња се 1.500.000,00 од програма ДО. |
| Време на реализација | 01.01.2017-31.12.2017 |
| Трошоци | 283 X 5.000 ден =1.415.000 ден<br>5X 10.000 ден = 50.000 ден<br>**Вкупно нето 1.465.000ден**<br>**Перс данок 10% 162.903ден**<br>**Вкупно бруто 1.629.903ден** |

- **Еднократна парична помош, поддршка или материјални добра**

| | |
|---|---|
| Краток опис на активноста | Во 2017 год вкупно се поднесени 116 барања за еднократна парична помош на лица на кои им беше потребна хируршка интервенција во странство, тешко болни лица и приматели на терапија, кои не се во можност финансиски да ги покријат трошоците, како и на самохрани родители, за поединец или семејство кое се нашло во положба на непогода (земјотрес, поплава, пожари др).<br>Од нив одбиени се 31 , а одобрени се 85 барања. Од одобрените барања 49 се жени и 36 мажи, при што се исплатени вкупно 679.000 денари со персонален данок 754.444.<br>За еднократна парична помош предвидени се 700.000,00 ден.<br>Во друга социјална помош е предвидено 100.000,00 ден, а од оваа позиција немаме исплати. |
| Време на реализација | Од 0.1.01 2017- 31.12.2017 год |
| **Вкупно трошоци** | **754.444 денари** |

**Сите предвидени активности во делот на социјалната заштита се релизирани и изнесуваат 2.144.000 денари, со персонален данок изнесуваат2.382.347**

## Б. Активности во делот на детската заштита кои се релизирани

Активностите во делот на детската заштита континуирано се реализираат во текот на календарскава година, во соработка со градинката ЈУОДГ „Росица„ како : логистичка поддршка на активностите, манифестации, надминување на слабости во организациска структура, воспитно образовната на истите, систематска контрола на исхраната во градинката и промоција на здрава храна .

Одредени активности планирани во програмата се реализирани без финансова импликација од Буџетот на Општина Ѓорче Петров и тоа: Изнајмување на простор за одржување на активностите (спортска сала, културен дом, стадион), изнајмување на озвучување и друга техничка поддршка за релизација на активностите, обезбедување на медиумска покриеност на настаните (телевизиско снимање, гостување во телевизиски емисии, објави на интернет страници и портали).

Одредени активности кои беа поткрепени со финансово планирање се во финсовиот извештај во одделението за урбанизам.

Од планираните 105,000,00 сретства од програмата за инклузија на роми , семинари и конференции како и за печтење, копирање , издавање, не се потрошени ; дел од нив се релизирани без финансова конструкција.

1. Соработка и поддршка во реализација на манифестации, завршни приредби, куклени претстави, презентации, промоции и др.

| **Активности** | **Предвидени финансиски средства** | **Очекувани резултати** |
|---|---|---|
| **Печатење на детски досиеја ( Користење на фотокопир од општината )** | “**Октомври 2017** **Изнајмување на услуги за користење на професионален принтер** | Успешно реализирање на планираните активности и зголемување на угледот на градинката во средината |
| **Изнајмување на озвучување и друга техничка поддршка за реализација на активностите** | “**10.02.2017 Изнајмување на озвучување, микрофнони и друга опрема за отворањето на новата занимална објект „Детелинка “** | Успешно реализирање на планираните активности и зголемување на угледот на градинката во средината |
| **Обезбедување на медиумска покриеност на настаните ( телевизиско снимање, гостување во телевизиски емисии, објави на интернет страници и портали** | **10.02. 2017 Медиумска покриеност при отворањето на новата занимална објект „Детелинка “** | Успешно реализирање на планираните активности и зголемување на угледот на градинката во средината |

| | | |
|---|---|---|
| **Хуманитарна акција – Делување на пакети со храна за социјално ранливите семејства во салата во домот на културата** | **21.03.2017 Користење на салата во домот на културата „Ѓорче Петров„** | Успешно релизирање на планираните активности за помош на социјално ранливите семејства |
| **Вкупно финансиски средства**: | Нема потрошени финансисиски сретства | |

## III. Нереализирани активности

Во 2017 година дел од активностите од Програмата од областа на детската заштита не се релизирани . Тоа се следниве активности:

**1.Поддршка на обуки во ЈОУДГ „ Росица „**
**2.Унапредување на организациската структура на ЈОУДГ „ Росица „**
**3.Здрава и безбедна храна – здрави среќни деца**

## IV. Рекапитулар за потрошени финансиски срества

За активностите од областа на социјалната заштита за период од 01.01.2017 до 31.12.2017 година планираните 2.300.000,00 ден, потрошени се вкупно 2.144.000,00 ден

**Планирани: 2.300.000,00денари**
**Потрошени: 2.144.000,00 денари**

| **2017 година** | **Планирани средства** | **Реализирани средства** |
|---|---|---|
| **ВКУПНО ПЛАНИРАНИ СОЦИЈАЛНИ БЕНИФИЦИИ** | **2.300.000,00** | **2.144.000,00** |
| - За еднократна социјална помош | 700.000,00 | 679.000,00 |
| - За помош на новороденчиња | 1.500.000,00 | 1.465.000,00 |
| - Др. Социјална помош | 100.000,00 | 0,00 |

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на култура и поддршката на невладиниот сектор за 2017 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишниот Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на култура и поддршката на невладиниот сектор за 2017 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седмата седница на Советот, одржана на ден 13.03.2018 година.

**Број 09-829/4**
**од 13.03.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 7-мата седница одржана на ден 13.03.2018 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите одобласта на културата и подршката на невладиниот сектор во Општина Ѓорче Петров за 2017 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот Извештај за реализација на Програмата за активностите од областа на културата и невладиниот сектор во Општина Ѓорче Петров за 2017 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-829/6** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 13.03.2018 година** **Претседател,**
**Скопје** **Илија Спасовски с.р.**

# ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**За реализација на програмата за активностите на Општината Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2017 година**

**Скопје, Март 2018 година**

Во текот на 2017 година, од Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор до 31.12.2017 година се реализирани следните активности:

**1.Организирање на културни манифестации**

- Прослава на празникот Василица
- Прослава на празникот Бадник
- Прослава на празникот Водици
- Прослава на верскиот празник св Трифун( с. Кучково).
- Посета на гробот на патронот Ѓорче Петров во Софија Р. Бугарија.
- Прослава на Денот на Крстот, Кучково
- Детски фестивал Соната 2017
- Празник на Општината Ѓорче Петров
- Доделување на награди и признанија по повод Празникот на Општината
- Одбележување на денот на паднатите бранители во 2001 г.
- Фолклорна вечер со познати естрадни уметници
- Одбележување на државни празници во 2017 година

**2.Поддршка на установи и НВО од областа на културата**

- Поддршка на програмата на КУД Григор Прличев
- Поддршка на автори-творци поединци во областа на културата
- Поддршка на други НВО и институции од областа на културата и творештвото
- Организирање на изложби
- Рекламирање на радио и ТВ станици
- Фотографирање и снимање

**3. Активности реализирани во Центарот за култура "Ѓорче Петров"**

- Детски фестивал „Соната"
- Фолклорна вечер
- Мултимедијална изложба под наслов „Нашето глобално маало" во соработка со „Брашнар Креативен Проект "
- Промоција на Стратегија за родова еднаквост
- Изложба на делата на Димитар Аврамовски Пандилов
- Поетско читање во соработка со ДПМ (Друштво на писатели на Македонија).

За реализација на горнаведените активности од Програмата за Култура и поддршка на невладиниот сектор за 2017 година за период од 01.01.-31.12.2017 година, во текстот подолу даден е детален преглед за сите потрошени средства и тоа:

## А. Прехранбени продукти и пијалоци

- Храна и пијалоци за УЗ Даме Груев за празникот *Василица* 5.189,00 ден.
- Набавка на прехранбени продукти за Црква Св. Петар и Павле за Бадник 4.644,00 ден.
- Набавка на прехранбени продукти за УЗ Даме Груев за *Водици* 3.154,00 ден.
- Набавка на прехранбени продукти за Ден на Крстот, Кучково 56.183,00 ден.
- Набавка на мешовите стока за Ден на Крстот, Кучково 9.884,00 ден.
- Набавка на сува пушена и чадена сланина за Ден на Крстот , Кучково 59.418,00 ден.
- Набавка на пиво и други алкохолни пијалоци за Ден на Крстот 18.046,00 ден.
- Набавка на леб за Ден на Крстот 28.000,00 ден.
- Кетеринг за Здружение на борци „ Блажо Орландич" 6.500,00 ден.

**Вкупно потрошени средства: 191.018,00 ден.**

## Б. Други материјали

- Набавка на лажици, пластични тањири за Ден на Крстот 4.200, 00 ден.
- Набавка на материјали за Ликовна колонија на Ден на Крстот 11.280,00 ден.
- Набавка на лесонит за Ликовна колонија , Кучково 2017 2.850,00 ден.
- Набавка на храна и пијалоци за Ден на Крстот 2.019,00 ден.
- Набавка на пластични лажици за Ден на Крстот 1.050,00 ден.
- Набавка на пластични чаши за прослава на 14 Ноември 1.295,00 ден.

**Вкупно потрошени средства: 22.694,00 ден.**

## В. Услуги за копирање, печатење и издавање

- Печатење на флаери, монографија за празник на ООУ „Тихомир Милошевски" 107.559,00 ден.
- Печатење на материјал за Ден на Крстот 336.596,00 ден.
- ДВД за изработка на видео материјали и видео презентација на тековни работи во општината 100.300,00 ден.
- Набавка и печатење на рекламен материјал за културни настани по повод празникот на општината 156.376,00 ден.
- Набавка на потрошен административен материјал и негово печатење по повод празникот на општината 97.140,00 ден.

**Вкупно потрошени средства: 797.971,00 ден**

**Г. Договорни услуги**

- Авторски хонорари за пишување и уредување на годишен весник 60.000,00 ден.
- Авторски хонорар за пишување на текстови за музејска поставка 33.525,00 ден.
- Авторски хонорар за пишување на сценарио, подготовка на материјал и настап на сцена за животот на Тихомир Милошевски 60.000,00 ден.
- Авторски хонорар за изработка на уметнички слики 33.525,00 ден.
- Естраден настап по повод празникот-Ден на Крстот 54.982,00 ден.
- Естраден настап по повод празникот Ден на Крстот (*Група Академци* ) 27.491,00 ден.
- Водител на празникот Ден на Крстот- *Владо Дојчиновски* 27.491,00 ден.
- Ангажирање на лица од АРМ за Денот на Крстот 64.438,00 ден.
- Изработка на уметничка слика на *Зоран Арсовски* 22.351,00 ден.
- Пишување на статија во весник за Ден на Крстот 13.410,00 ден.
- Естраден настап на Ден на Крстот на *Круме Спасовски* 6.706,00 ден.
- Превод на книги од македонски на англиски јазик 33.525,00 ден.
- Сашо Ливрински за учество на Културно лето 2017 22.351,00 ден.
- Набавка на шест уметнички слики за потребите на општината 33.525,00 ден.
- Изготовка на отчет (ВЕДА ДООЕЛ) 33.525,00 ден.
- Изложба на уметнички слики за Ден на Општина 33.525,00 ден.
- Аранжирање на бина за Ден на Општината 123.711,00 ден.
- Пишување на сценарио за културно-уметничка програма во Реонскиот парк за Ден на Општина 22.351,00 ден.
- Естраден настап на група „*Молика*" за Ден на Општина 75.600,00 ден.
- Настап на дицеј за Ден на Општина 20.618,00 ден.
- Настап на познати македонски актери 26.821,00 ден.
- Естраден настап на *Влатко Лозаноски* 34.363,00 ден.
- Естраден настап на пејач 39.113,00 ден.
- Естраден настап на *Влатко Илиевски* 65.000,00 ден.
- Пишување на текстови за детски песни за фестивал *Соната* 13.410,00 ден.
- Авторски хонорар за водење настан по повод празникот 22.351,00 ден.
- Авторски хонорар за превод од словачки на македонски и обратно по повод празникот на општината 11.175,00 ден.
- Авторски хонорар за музички ангажман, студиска обработка и снимање на детски песни за фестивал *Соната* по повод празникот 34.643,00 ден.

**Вкупно потрошени средства: 1.049.526,00 ден.**

**Д. Други оперативни расходи**

- Доплата за закуп на медиумски простор за 11 месец /2016 217,00 ден.
- Закуп на медиумски простор за 12 месец/2016 53.600,00 ден.
- 8-ма рата од договорот за набавка на авторски продуциран материјал 58.528,00 ден.
- Набавка на продуциран материјал 9-та рата 58.528,00 ден.
- 10-та рата за авторски продуциран материјал 58.528,00 ден.

- Набавка на огревно дрво за црква за верскиот празник Водици 28.000,00 ден.
- Копирање на документи за музејска поставка од страна на Марјан Димитриевски 2.340,00 ден.
- Закуп на медиумски простор и маркетинг услуги за презентација на проекти на Општината и рекламирање за општински настани и верски медиумски честитки 663.381,00 ден.
- Озвучување за настани во Општината 36.360,00 ден.
- Изработка на фотографии и ЦД од културни манифестации и настани во Општината: 102.501,00 ден.
- Карти за Драмски театар за „ Венецијански трговец" 3.000,00 ден.
- Набавки на балони за детски маскенбал одржан на 31.03.2017 6.920,00 ден.
- Влезници за концерт 48.050,00 ден.
- Набавка на цвеќе и цветни аранжмани 155.700,00 ден.
- Набавка на огревно дрво за Ден на Крстот 10.200,00 ден.
- Поставување и сервисирање на тоалетни кабини за Ден на Крстот 8.204,00 ден.
- Изнајмување на шатори за Ден на Крстот 17.700,00 ден.
- Обезбедување на санитарни возила за Ден на Крстот 8.400,00 ден.
- За декорирање за Ден на Општина 25.646,00 ден.
- Вршење на услуги за организирање на огномет по повод празникот на општината во реонскиот парк 68.735,00 ден.
- Опрема за празникот на општината –чадори 11.800,00 ден.

**Вкупно потрошени средства: 1.426.338,00 ден.**

**Ѓ. Трансфер до здруженија на граѓани и фондации**

- За финансиска поддршка за одржување на театарска претстава по повод 8ми Март 20.000,00 ден.
- За настап на КУД „ Глигор Прличев" на Детски фолклорен фестивал во Краљево, Р.Србија 10.000,00 ден.
- За покривање на трошоци на КУД Григор прличев за Денот на општината 6.000,00 ден.

**Вкупно потрошени средства: 36.000,00 ден.**

**Е. Транспорт на луѓе**

- За превоз на гости по повод празникот на општината(18.09.2017-19.09.2017) 18.700,00 ден.

**Вкупно потрошени средства: 18.700,00 ден.**

**Настани кои се планирани, но не се реализирани од 01.01. 2017 до 31.12.2017 година** :

Концерт на Ансамбл „Македонија", „Сакам да читам" и „Културно лето 2017".
Некои од овие настани не се реализирани од објективни, некои од субјективни, а повеќето поради недоволно финансиски средства.

За реализација на програмата за активностите на Општината Ѓорче Петров од обласа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2017 година (за период од 01. 01. - 31. 12. 2017 година) по сите позиции потрошени се :

**Вкупно планирани средства: 4.350.000,00 ден.**

**Потрошени средства : 3.542.247,00 ден.**

**Планирани, а нереализирани средства: 807.753,00 ден.**

**Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во обласа на културата и поддршката на невладиниот сектор за 2017 година за период од 01.01.-31.12.2017 година, градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до Советот на Општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за 2017 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишниот Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за 2017 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седмата седница на Советот, одржана на ден 13.03.2018 година.

**Број 09-829/5**
**од 13.03.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 7-мата седница одржана на ден 13.03.2018 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите од областа на спортот, рекреацијата и подршката на невладиниот сектор во Општина Ѓорче Петров за 2017 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот Извештај за реализација на Програмата за активностите од областа на спортот, рекреацијата и невладиниот сектор во Општина Ѓорче Петров за 2017 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-829/7**
**Од 13.03.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

# ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**За реализација на програмата**
**за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа**
**на спортот, рекреацијата и поддршката на**
**невладинот сектор за 2017 година**

**Скопје, Март 2018 година**

**СОДРЖИНА**

**I. ВОВЕД ........................................................................................................................ 3**

**II. АКТИВНОСТИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРЕДВИДНИТЕ СОДРЖИНИ ......................................................................................................................... 3**

**А. Традиционални спортски активности и манифестации ........................... 5**

**Б. Поддршка на НВО ,спортисти и спортски клубови .....................................8**

**В. Поддршка за дополнителни не утврдени активности ............................ 9**

**III. РЕКАПИТУЛАР ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРЕДВИДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ........... 16**

**ГОДИШЕН И З В Е Ш Т А Ј**
**за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладинот сектор за 2017 година**

## I. ВОВЕД

За реализирање на целите на оваа Програма, Општина Ѓорче Петров ги превзема сите потребни активности и ги стави на располагање своите технички и човечки ресурси.

Активностите најмногу се насочуваа кон сочувување на континуитетот на традиционалните манифестации, развивање на масовниот спорт, поддржување на здруженија на граѓани, екипи и поединци кои постигнуваат позитивни резултати и ја афирмираа Општина Ѓорче Петров во државата и надвор од неа.

Во текот на 2017 година., согласно програмата се реализирани слдниве програмски цели:

- Развој на училишниот спорт и реализирање на сите програмски активности од општинско, регионално и државно натпреварување;
- Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот на младите со посебен акцент на масовниот;
- Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, посебно на младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот;
- Преку спортот и рекреацијата, афирмација на Општината како развиен спортски центар во Република Македонија и надвор од нea;
- Создавање на услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните спортски активности;

## II. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРЕДВИДНИТЕ СОДРЖИНИ

Во 2017 година, во Општина Ѓорче Петров се реализираа следните спортски активности:

### A. Традиционални спортски активности и манифестации

Општина Ѓорче Петров ги финансираше традиционалните спортски активности и манифестации од локален карактер, со **цел зачувување на континуитетот** на вакви манифестации за кои има интерес од граѓаните и кои се во интерес на развојот на спортот во Општина Ѓорче Петров:

**1. Ден на крстот –Традиционални селски игри,** активност која се реализираше на **01.05.2017 г.** во с. Кучково - Реализацијата на активноста се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка во соработка со месните и урбаните заедници со што се потрошија слдниве материјални сретства:

| Средства во Буџетот на Општина Ѓ.Петров | Реализација- цел |
|---|---|
| трошено за **Стоки и улсуги – од позиции** | Продолжување на традиционални народни спортски активности и развивање на масовнен селски спортски |

| | |
|---|---|
| - Транспорт на луѓе<br>- Прехрамбени продукти<br>- Услуги за печ., коп.,и изд.<br>- Други оперативни расходи<br>- Други мат.за спец. намена<br>- Други договорни услуги | туризам<br>Се реализира вкупно 6 игри ( Влечење со стап, Скок во далечина, Фрлање камен, Сечење дрво, Влечење јаже, Трка со јајце со лажичка ) во кои учество заземаа преку 30 натпреварувачи, каде како најдобро или победник беше ЕБР, второ место Општина Ѓорче Петров, трето место екипата на професори , а четврто место екипата од АРМ. |

**2.** **Бон-бон куп-** Забавно спортска рекреација за деца**,** активноста се реализираше на **09.06.2017**, на Стадион Македонски Лавови-Реализацијата на активноста се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со основните училишта и со Отворената забавна фудбалска школа Ѓорче Петров со што се потрошија слдниве материјални сретства:

| **Средства во Буџетот на Општина Ѓ.Петров** | **Реализација-цел** |
|---|---|
| трошено за<br>**Стоки и улсуги – од позиции** | Преку игра и ротации развивање и зајакнување на воспитните компоненти на учениците од одделенска настава Бон- бон купот е забавно спортска ракраација за деца од 7-12 години. Вклучени 120 ученици од 3 одделенија и реализирани 8 анимативно –рекреативни активности |
| - Транспорт на луѓе<br>- Прехрамбени продукти<br>- Услуги за печ., коп.,и изд.<br>- Други оперативни расходи | |

**3.** **„Спорт за сите деца"-** Забавно спортска рекреација за деца**,** активност се реализираше на почетокот на учебната година ондноно на **28.09.2017 год.** во ООУ Мирче Ацев и ООУ Страшо Пинџур - Реализацијата на активноста се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со основните училишта и Сојузот на спортските федерации на Македонија, која заедно со Агенцијата за млади и спорт на Македонија и Факултетот за физичко образование, спорт и здравје од Скопје, ја реализираше предвидената активност.

| **Средства во Буџетот на Општина Ѓ.Петров** | **Реализација - цел** |
|---|---|
| трошено за<br>**Стоки и улсуги – од позиции** | Организаторите преземаа обврска да се соочи со предизвикот и да спроведе поширока општествена активност за спречување и надминување на негативни влијанија врз најмладите, преку реализација на Проектот „Избери го вистинскиот спорт", |
| -Други оперативни расходи<br>-Прехрамбени продукти | |

**4.** **„ Традиционален крос " –**Активност која се реализира на ден **20.09.2017 г**. Реализацијата на активноста се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со основните училишта.

| **Предвидени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.П.** | **Реализација - цел** |
|---|---|
| трошено за<br>**Стоки и улсуги – од позиции** | Продолжување на традицијата и и развивање на позитивно емоционално израцување и почитување на патронот на општината.<br>Прво место, Никола павлески од ООУ „Ѓорче Петров, второто место го освои марио Станишиќ од ООУ „ Јоаким Крчоски", а Александар Петковски од ДПГ Беровски ,беше трет. |
| -Други оперативни расходи<br>-Услуги за печ., коп.,и изд. | |

**5.** **„ Шаховска табла"-турнир во шах, со соодветна симултанка.** Активност која се реализира **по повод Празникот на општината на 19.09.2017г.** Реализацијата на активноста

се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со Месните заедници, а во организација на Ш.К. "Гамбит Ассеко- Сее".

| **Средства во Буџетот на Општина Ѓ.П.** | **Реализација - цел** |
|---|---|
| трошено за<br>**Стоки и улсуги – од позиции** | Продолжување на традицијата со придонес на пензионерите за нивно агонистичко и емоционално дејствие и почитување на патронот на општината. Пред почетокот на турнирот симултанка оддржа интернационалниот мајстор Никола Николоски. Учество зедоа вкупно 8 екипи со 40 шахисти. Најдобри беа шахистите од МЗ Кисела Јабука. Второто место го освои екипата на Димитар П.Г.Беровски, додека третото место заслужено го добија екипата на Пензионери. |
| -Други оперативни расходи<br>-Услуги за печ., коп.,и изд. | |

**6.** Општина Ѓорче Петров материјални и финансиски ги поддржа програмите на **невладини организации** - за развој на **училишниот спорт** на основните училишта во општина Ѓорче Петров преку *Сојузот на училишен спорт Ѓорче Петров* и **забавниот училишен спорт** преку *Отворената фудбалска школа Ѓорче Петров*

| **Предвидени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.П.** | **Реализација - цел** |
|---|---|
| трошено за<br>**Стоки и улсуги – од позиции** | -Општинскиот сојуз на училишен спорт,<br><br>-Отворена забавна фудбалска школа Ѓорче Петров |
| -Тренсфер до невлад. орган<br>-Услуги за печ., коп.,и изд.<br>-Други оперативни расходи | |

**7.** **Спортски активности за меѓуетничка соработка,** активност која се реализира **на почеток на второто полугодие** на учебната година, на Стадион Македонски Лавови или во Сала Христо Батанџиев-Реализацијата на активноста ке се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со основните училишта, со што се педвидуваат слдниве потребни материјални сретства:

| **Предвидени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.Петров** | | **Носител** |
|---|---|---|
| **50.000,оо** | **позиции** | Одделенија за Јавни дејности во соработка со основните училишта |
| 10.000,оо | Транспорт на луѓе | |
| 10.000,оо | Други оперативни расходи | |
| 10.000,оо | Прехрамбени продукти | |
| 20.000,оо | Услуги за печ., коп.,и изд. | |
| **Не е реализирано поради специфичноста на активноста** | | |

**8.** **„Спортуваме-другаруваме "** активност за деца со *посебни потреби***,** активност која се реализира на **крајот на учебната година**, во Сала Христо Батанџиев-Реализацијата на активноста ке се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со основните училишта, со што се педвидуваат слдниве потребни материјални сретства:

| **Предвидени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.Петров** | | **Носител** |
|---|---|---|
| **50.000,оо** | **позиции** | Одделенија за Јавни дејности |
| 10.000,оо | Транспорт на луѓе | |

| | | |
|---|---|---|
| 10.000,оо | Други оперативни расходи | во соработка со основните училишта |
| 10.000,оо | Прехрамбени продукти | |
| 20.000,оо | Услуги за печ., коп.,и изд. | |
| **Не е реализирано поради специфичноста на активноста** | | |

**Б. Поддршка на невладини организации, спортисти и спортски клубови - програми и проекти на останати спортски организации од интерес на општина Ѓорче Петров**

1. Општина Ѓорче Петров материјално ги финансира **Спортски манифестации – традиционални** и **меморијални турнири**, кои во покажуваат значанен придонес во развој на спортот и спортската рекреација како и афирмација на општината.

| **Предвидени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.П.** | | **Носител** |
|---|---|---|
| **420.000,оо** | **позиции** | Одделенија за Јавни дејности **во соработка со** невладини организации |
| 100.000,оо | Прехрамбени продукти | |
| 200.000,оо | Трансфер до спортски клубови | |
| 100.000,оо | Услуги за печ., коп.,и изд. | |
| 20.000,оо | Други оперативни расходи | |

2. Општина Ѓорче Петров материјално ги поддржува **спортските клубови** – на територија на Општина Ѓорче Петров, кои покажуваат значанен придонес во развој на спортот и спортската рекреација како и афирмација на општината.

| **Предвидени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.П.** | | **Носител** |
|---|---|---|
| **320.000,оо** | **позиции** | Одделенија за Јавни дејности **во соработка со** невладини организации |
| 30.000,оо | Транспорт на луѓе | |
| 10.000,оо | Прехрамбени продукти | |
| 150.000,оо | Трансфер до невладини организации | |
| 100.000,оо | Услуги за печ., коп.,и изд. | |
| 30.000,оо | Други оперативни расходи | |

3. Општина Ѓорче Петров материјално ги поддржува **спортистите**– на територија на Општина Ѓорче Петров, кои покажуваат значанен придонес во развој на спортот и спортската рекреација како и афирмација на општината.

| **Предвидени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.П.** | | **Носител** |
|---|---|---|
| **400.000,оо** | **позиции** | Одделенија за Јавни дејности **во соработка со** невладини организации |
| 70.000,оо | Транспорт на луѓе | |
| 50.000,оо | Прехрамбени продукти | |
| 150.000,оо | Трансфер до невладини организации | |
| 100.000,оо | Услуги за печ., коп.,и изд. | |
| 30.000,оо | Други оперативни расходи | |

**В. Поддршка за дополнителни не утврдени активности**

Општина Ѓорче Петров ги финансира и програмите, проектите, активностите и манифестациите кои не се опфатени со претходните позиции на горенаведените точки, а кои со

својата актуелност, атрактивност, значење и квалитет, во текот на целата година и **по повод празникот** на општината придонесоа за остварување на програмските цели во областа на спортот на Општина Ѓорче Петров за 2017 година. За таа цел од предвдените 1.030.000,оо денари, потошени се финансиски и материјални средстваз а :

| **Средства во Буџетот на Општина Ѓ.П.** | **Реализација - цел** |
|---|---|
| трошено за<br>**Стоки и улсуги – од позиции** | Мрморијален турнис "Дарко Брнарчевски"<br><br>Турнир во мал фудбал "Ѓорче Петров КУП"<br><br>Поддршка за ФК "Волково"<br><br>Поддршка за ФК "Волково" |
| -Други оперативни расходи<br>- Прехрамбени продукти<br>- Услуги за печ., коп.,и изд.<br>- Трансфер до невлад. Организации<br>- Трансфер до спортски клубови | |

a. Согласно Програмата, во рамките можностите на Општина Ѓорче Петров, донесена е одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров, за поддршка на фудбалски клуб Македонија ЃП, со вкупен износ од = **542.000,оо денари**

b. Согласно Програмата, во рамките можностите на Општина Ѓорче Петров, донесена е одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров, за поддршка и организација на Турнирот во мал фудбал Ѓорче Петров КУП, со вкупен износ од = **270.000,оо денари**

c. Согласно Програмата, во рамките можностите на Општина Ѓорче Петров, донесена е одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров, за поддршка на фудбалски клуб Волково, со вкупен износ од = **70.000,оо денари**

d. На товар на стедствата на Буџет на Општина Ѓорче Петров за 2017 година од –Програма До Градоначалник позиција – тековна резерва се одобрени средства за поддршка на спортисти во вкупен износ = **104.000,оо денари.**

## III. РЕКАПИТУЛАР ПО ПОЗИЦИИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРЕДВИДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ

| **Ред. бр.** | **Рекапитулар за потрошени сретства на предвидените активности** | **Предвидени с/ва во Програмата на Општина Ѓ.П.** | **Предвидени с/ва Ребаланс на буџет.** | **потрошени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.П.** |
|---|---|---|---|---|
| | **ПОЗИЦИИ** | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Транспорт на луѓе ..................................................................** | 400.000,оо | 400.000,оо | 32.278,оо |
| **2.** | **Прехрамбени продукти пијалоци ...............................................................** | 410.000,оо | 310.000,оо | 4.200,оо |
| **3.** | **Други оперативни расходи ..................................................................** | 300.000,оо | 150.000,оо | 28.700,оо |
| **4.** | **Услуги за копирање, печатење и издавање ...........................................................** | 1.050.000,оо | 1.050.000,оо | 1.043.347,оо |
| **5.** | **Трансфери до спортски клубови ................................................................** | 500.000,оо | 800.000,оо | 612.000,оо |
| **6.** | **Други материјали за специјална намена ................................................................** | 50.000,оо | 50.000,оо | 17.834,оо |
| **7.** | **Други договорни услуги ................................................................** | 30.000,оо | 30.000,оо | 16.730,оо |
| **8.** | **Трансфер до невладина организација ................................................................** | 1.000.000,оо | 1.000.000,оо | 784.300,оо |
| **Вкупен износ на финансиски сретства:** | | **3.740.000 ,оо ден** | **3.790.000,оо ден** | **2.539.389,оо ден** |

Од планираните **3.740.000 ,оо** денари во програмата за активностите на Општината Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацјата, и подршката на невладиниот сектор во 2017 година, потрошени се вкупно **2.539.389,оо** денари.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-

Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на образованието за 2017 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишен Извештај за реализација Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на образованието за 2017 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седмата седница на Советот, одржана на ден 13.03.2018 година.

**Број 09-829/6**
**од 13.03.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на

Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 7-мата седница одржана на ден 13.03.2018 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за активностите одобласта на образованието во Општина Ѓорче Петров за 2017 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот Извештај за реализација на Програмата за активностите од областа на образованието во Општина Ѓорче Петров за 2017 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-829/8**
**Од 13.03.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**за реализација на Програмата од областа на образованието на**
**Општина Ѓорче Петров**
**за 2017 година**

**Скопје, Март 2018година**

## IV. ВОВЕД

Извештајот е изготвен во насока да даде слика за реализација на активностите планирани во Програмата од областа на образованието на Општина Ѓорче Петров за период од 01.01.2017 до 31.12.2017 година.

Извештајот ги вклучува реализираните и нереализираните активностите, времето на реализација, целите и резултатите на активноста и планираните и реализираните финансиски средства сумативно и поединечно за секоја активност планирана во програмата.

Активностите од областа на образованието на Општина Ѓорче Петров беа насочени кон подобрување на квалитетот на образованието и условите за работа во основните училиштата.

За реализирање на активностите од Програмата од областа на образованието за 2017 година, Општина Ѓорче Петров ги превзема сите потребни активности и ги стави на располагање своите технички и човечки ресурси.

## V. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

Во период од 01.01.2017 до 31.12.2017 реализирани се следниве активностите од Програмата од областа на образованието за 2017 година:

### 1. Следење и анализа на воспитно образовниот процес во основните училишта

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Следењето на воспитно образовниот процес во општинските основни училиштата го опфати делот на:<br>-наставниот процес и педагошката документација (годишните глобални планови, оперативните, тематските и дневните подготовки на наставниците),<br>-воннаставните и слободни активности (ученичките екскурзии,<br>-реализацијата на Годишните програми за работа на основните училиштата<br>-Анализа на Годишните и полугодишните извештаи за работа на основните училиштата. |
| **Време на реализација** | Во текот на учебната годината |
| **Главна цел:** | Унапредување на наставниот процес, воннаставните и слободните активности во основни училишта и квалитетна реализацијата на наставниот план и програма. |

| | |
|---|---|
| **Резултати:** | • Усвоени се квалитетни годишни програми за работа на општински основни училиштата.<br>• Обезбедени се услови и ресурси за реализација на годишната програма за работа на училиштата.<br>• Воспитно образовниот процес се одвиваше непречено во сите општински основни училиштата |
| **Потрошени финансиски средства:** | / |

**2. Одобрување согласности и следење на процесот за вработување на наставен и ненаставен кадар во основните училишта**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Оваа активност опфаќа координација и писмена комуникација со училиштата и МОН и следење на постапките за вработување на наставен и ненаставен кадар согласно законската регулатива преку<br>- давање согласност за Годишниот план за вработување на основните училишта<br>-давање согласност за вработувањето по барање на основните училишта,<br>- барање согласност за вработувањето (по барање на основните училишта) од МОН,<br>-барање согласност за трансформација на работен однос од МОН<br>- барање согласност за времени и трајни преземања<br>-следење на процесот на вработување |
| **Време на реализација** | Во текот на учебната годината |
| **Главна цел:** | Обезбедување на наставен и ненаставен кадар за непречено одвивање на наставниот процес |
| **Резултати:** | • Дадени се согласнисти за годишните планови за вработување на основните училишта<br>• Обезбеден е наставен и ненаставен кадар за реализација на наставниот процес и годишната програма за работа на општински основни училиштата. |
| **Потрошени финансиски средства:** | / |

### 3. Упис на првачиња во основните училишта

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Уписот на децата во I одд се спроведува на цела теритирија на државата, според список на деца кои живеет на територија на општината.<br>По доставените списоци од МВР до општината се изврши анализа на податоците и истите се доставија до секое основно училиште, согласно реонизацијата. Секое основно училиште ги опфати децата од својот реон.<br>По уписот секое основно училиште достави извештај и список на деца кои се запишани во I одделение, согласно реонизацијата.<br>Согласно податоците од уписот се изврши организација на наставата за учебната 2017/2018 година.<br>Список на деца кои не се запишани во I одделение а се на списокот од МВР, училиштата ги доставија до Државниот просветен инспекторат и Овластениот просветен инспектор за натамошно постапување.<br>За Уписот на децата во I одд, општината има изготвено процедура која ја содржи комплетната постапка и инструментите за нејзино спроведување. Овој прирачник е доставен до сите основни училишта. |
| **Време на реализација** | април-септември |
| **Главна цел:** | Да обезбеди еднакви образовни можности за образование за сите деца во Општината Ѓорче Петов |
| **Резултати:** | • Во општински основни училиштата запишани се 428 ученици во прво одделение во 18 паралелки од кои 226 се машки и 202 се женски.<br>• Направен е рамномерен прилив на ученици во општинските основни училишта согласно реонизацијата.<br>• Унифициран и транспарентен процес на упис на деца во I одделение. |
| **Потрошени финансиски средства:** | / |

## 4. Училишни и општински натпревари и поддршка на регионални и државни натпревари

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | По иницијатива на Општина Ѓорче Петров организирани се училишните натпревари и дадена е матерјална и техничка поддршка за учество на ученици и наставници на регионални, државни и меѓународни натпревари. |
| **Време на реализација** | Во текот на учебната година |
| **Главна цел:** | Со овие активностите се развива и следи талентот на учениците во областа за која покажуваат интерес и се мотивираат за постигнување на резултати. |
| **Резултати:** | • Во секое основно училиште одржани се училишни натпревари и дадена е матерјална и техничка поддршка на учениците на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари (превоз на ученици, вода и безалкохолни пијалоци, храна и промотивен матрјал)<br>• Освоените наградени од учениците од основните училишта за 2016/17 дадени се во табелата.<br>• |

| Основно училиште | Број на ученици кои учествувале на :<br>Број на ученици кои освоиле награди и признанија на : | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | општински натпревари | | градски и регионални натпревари | | државни натпревари | | меѓународни натпревари | |
| **ООУ Ѓорче Петров** | 16 (8 жен) | 13 (6 жен) | 25 (12 жен) | 10 (6 жен) | 2 (0 жен) | 1 | / | / |
| **ООУ Мирче Ацев** | 27 | 24 (13 жен) | 27 | 13 (7 жен) | 21 | 9 (2 жен) | 3 Кенгур* | 2 (1 жен) |
| **ООУ Димитар Беровски** | 63 | 18 (8 жен) | 55 | 32 (19 жен) | 6 | 5 (4 жен) | 12* | 12 (6 жен) |
| **ООУ Страшо Пинџур** | | 48 (26 жен) | | 40 (23 жен) | | 1 (0 жен) | | 27* |
| **ООУ Тихомир Милошевски** | 121 | 15 (10 жен) | 53 | 37 (20 жен) | 14 | 2 (2 жен) | 13* | 8 (5 жен) |
| **ООУ Јоаким Крчоски** | 24 (21 жен) | 16 (12 жен) | 22 (18 жен) | 7 (6 жен) | 1 (1 жен) | 1 (1 жен) | Кенгур* | |

*Кенгур-Меѓународен натпревар по математика

| | |
|---|---|
| **Потрошени финансиски средства:** | / |

*Средствата за транспорт, услуги за печатење, копирање и издавање (маици, дипломи, признанија и сл) не се од Програмата за образование.

## 5. Подршка и партиципација во надворешни проекти (МИО, екологија, безбедност во сообраќај и сл)

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Општината Ѓорче Петров даде логистичка и техничка и подршка на проектите од следниве области<br>-Мултиетничка интеграција во образованието,<br>-Заштита на животната средина (Интеграција на еколошка едукација во образованието,)<br>-Безбедност во сообраќајот и полицијата и граѓаните,<br>-Инклузија на децата со специјални образовани потреби и други надворешни проекти.<br>Дел од овие проекти се дел од годишните програми на училиштата за кои Општина Ѓорче Петров или има законска обврска или има потпишано меморандуми за соработка.<br>Дел од проектите се реализирани во соработка со ЈП Комунална хигиена, Полиција, УСАИД и сл. |
| **Време на реализација** | Во текот на учебната година |
| **Главна цел:** | Целта на овие активности е поттикнување на свеста кај децата за важноста и значењето за создавање на одговорно општество. |
| **Резултати:** | • Ефектива и ефикасна реализација на проектитете<br>• Одржлив развој на проектите<br>• Зацврстување на соработката на општината со невладиниот сектор |
| **Потрошени финансиски средства:** | / |

*Средствата за патни трошоци прехрамбени продукти и ракламен не се од Програмата за образование.

## 6. Априлијада-детски маскенбал

| | | |
|---|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Маскенбалот или детската априлијада се одржа на платото во реонскиот парк и на неа учествува ученици од основните училишта и деца од детската градинка Росица.<br>Комисија составена од претставници од училишта и градинката изврşија избор на најдобрите маски.<br>Беа доделени 6 награди (4 девојчиња и 2 момчиња) за учениците од секое основно училиште и една групна нарада за децата од градинката Росица. | |
| **Време на реализација** | март-април | |
| **Главна цел:** | Со овој проектот се развива креативноста кај децата и негување на традицијата. | |
| **Резултати:** | • Промовирани се најкреативните решенија на маски на учениците<br>• Масовна посетеност на маскембалот<br>• Учениците се дружат и разменуваат искуства и споделуваат среќни моменти | |
| **Трошоци по позиции** | Услуги за печатење, копирање и издавање | / |
| | Награди за најуспешни маски | 8735,00 ден |
| | Озвучување | / |
| | Уредување на бина (балони) | / |
| **Потрошени финансиски средства:** | 8. 735,00 ден | |

*Средствата за услуги за печатење , маици, дипломи, признанија, озвучување и уредување на бина и сл се во Извештајот за реализација на активности од обласа на културата.

**7. Детска ликовна колонија Кучково**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Детската ликовна колонија оваа година се одржа на три локации во Кучково и тоа на сред село, во манастирот Св.Ѓорѓи и во конакот Старо буре. Како мотиви за работа се старата архитектура, природните убавини на селото и сликање по слободен избор.<br>На колонијата учествува по двајца ученици од основните училишта од општините во Градот Скопје.<br>и гости од други општини од градот Скопје.<br>Ликовните творби на учениците се изложија на општонародниот собир на крстот на 2-ви Мај. |

| | | |
|---|---|---|
| **Време на реализација** | април-мај | |
| **Главна цел:** | Со овој проектот се поттикна ликовната креативност, уметничкиот дух и традиционалните вредности кај учениците. | |
| **Резултати:** | • Учениците се дружеа и разменува искуства со учениците од други училишта и општини,<br>• Организирана е изложба на детските ликовните творби | |
| **Трошоци по позиции:** | Прехрамбени продукти | / |
| | Сликарски матерјали<br>(платна, сликарска хартија, бои, четки и др.) | 16.974,00 ден |
| | Услуги за печатење, копирање и издавање | / |
| | Транспорт на ученици | / |
| | Други оперативни расходи | и |
| **Потрошени финансиски средства:** | 16.974,00 ден | |

*Средствата за прехрамбени продукти услуги за печатење , маици, дипломи, признанија и транспорт на ученици сл се во Извештајот за реализација на активности од областа на културата.

## 8. Празник на Општина Ѓорче Петров

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | За Денот на Општината Ѓорче Петров учениците учествуваа со низа активности кои оваа година се одржуваа во основните училишта. |
| **Време на реализација** | септември |
| **Главна цел:** | Промовирање на училиштата и постигањата на учениците |
| **Резултати:** | Учениците беа активно вклучени во одбележувањето на празникот на Општината Ѓорче Петров |
| **Потрошени финансиски средства:** | 6.445,00 ден |

*Дел од средствата за активностите се платени од Програмата за култура.

## 9. Награди и признанија за ученици и наставници од основните училишта

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Во месец мај беше објавен јавен конкурс, согласно Правилникот и беа собрани и бодирани сите апликации и доставени на разгледување до Комисијата за образование која направи избор и даде предлог за доделување награди, дипломи и пофалници до Советот на општината.<br>Согласно Одлуката на Советот на општината, бе доделени 11 награди од кои 6 женски и 5 машки.<br>На денот на Општина Ѓорче Петров беа доделени наградите.<br>- За првенец на генерација беше доделена плакета и таблет.<br>–За најдобар просветен работник беше доделена награда и лап-топ<br>Останатите награди и пофалници беа доделени по повод Денот на ослободување на Ѓорче Петров.<br>-За најдобар ученик од 4-то до 9-то одделение беа доделени дипломи и таблет.<br>-За истакнати ученици од посебни области (спорт, музика и сл) беа доделени дипломи на<br>-женската ракометна екипа на ООУ Страшо Пинџур<br>-истакната каратист<br>-за литературно творештво<br>-за ликовна дејност и поддршка во организација на ликовната колонија Кучково. |
| **Време на реализација** | мај-септември (ноември) |
| **Главна цел:** | Со доделувањето на наградите и признанијата за учениците и наставниците од основните училишта на денот на општината се мотивираат учениците за постигнување на високи резултати во областите за кои покажуваат интерес. |
| **Резултати:** | • Се негува и развива на талентот кај учениците<br>• Се создаваат вистински вредности кај децата<br>• Се мотивираат учениците за постигнување на видни резултати<br>• Се мотивира наставниот кадар за работа со ученици и учество во натпревари |
| **Потрошени финансиски средства:** | / |

*Средствата за награди, услуги за печатење, копирање и издавање не се од Програмата за образование.

## VI. НЕРЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

Во периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година не се реализирани следнве активностите од Програмата од обласа на образованието:

**1. Обуки и професионален развој на наставен кадар**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Активноста се однесува на организирање на обуки и работилници за наставниците во основните училишта. |
| **Главна цел:** | Подигнување на квалитетот на наставниот кадар |

**2. Креирање на стимулативна срединатa за учење на наставниците**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | -Организирање на работилници за три категории на наставници и тоа една за одделенска настава, една за предметна настава, група математика и природни науки и трета за предметна настава, група општествено-хуманитани науки. |
| **Главна цел:** | Целта на работилницата е унапредување на наставниот процес и креирање на стимулативна средина за учење. |

**3. Изготвување, печатење и промоција на работни упатства, прирачници и друг промотивен матерјал од обласа на образованието**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Активноста вклучува подготовка. изготвување, печатење и промоција на стручна литература (работни упатства, прирачници и друг промотивен матерјал од обласа на образованието) за потребите на основните училишта во Општина Ѓорче Петров. |
| **Главна цел:** | Целта на проектот е поддршка на образовниот процес и преку стручна литература. |

## VII. РЕКАПИТУЛАР ЗА ПОТРОШЕНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За активностите од обласа на образованието за период од 01.01.2017 до 31.12.2017 година од планираните 785.000,00 денари, потрошени се вкупно 32.154,00 денари.

**Планирани финансиски средсва 785.000,00 денари**
**Потрошени финансиски средсва 32.154,00денари**

| Активности | Предвидени средства | Потрошени средства |
|---|---|---|
| **Реализирани активности** | | |
| 1. Следење и анализа на воспитно образовниот процес во основните училишта | 0,00 | 0,00 |
| 2. Одобрување согласности и следење на процесот за вработување на наставен и ненаставен кадар во основните училишта | 0 | 0,00 |
| 3. Упис на првачиња во основните училишта | 0,00 | 0,00 |
| 4. Училишни и општински натпревари и поддршка на регионални и државни натпревари | 120.000,00 | 0,00 |
| 5. Поддршка и партиципација во надворешни проекти (МИО, екологија, безбедност во сообраќај и сл) | 80.000,00 | 0,00 |
| 6. Априлијада-детски маскенбал | 45.000,00 | 8. 735,00 |
| 7. Детска ликовна колонија Кучково | 120.000,00 | 16.974,00 |
| 8. Празник на Општина Ѓорче Петров | 115.000,00 | 6.445,00 |
| 9. Награди и признанија за ученици и наставници од основните училишта | 70.000,00 | 0,00 |
| **Нееализирани активности** | | |
| 1. Обуки и професионален развој на наставен кадар | 80.000,00 | 0,00 |
| 2. Креирање на стимулативна средина за учење и опремување на училиштата со нагледни средства и опрема за кабинетите | 65.000,00 | 0,00 |
| 3. Изготвување, печатење и промоција на работни упатства, прирачници и друг промотивен матерјал од областа на образованието | 90.000,00 | 0,00 |
| **Вкупно** | **785. 000,00** | **32.154,00** |

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2017 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2017 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седмата седница на Советот, одржана на ден 13.03.2018 година.

**Број 09-829/7**
**од 13.03.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров- (Пречистен текст) (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 7-мата седница одржана на ден 13.03.2018 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за еднакви можностина жените и мажите во Општина Ѓорче Петров за 2017 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот Извештај за реализација на Програмата за еднакви можности во Општина Ѓорче Петров за 2017 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-829/9**
**Од 13.03.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ - Скопје

# И З В Е Ш Т А Ј

**за реализација на програма  на Општина Ѓорче Петров  во областа на еднаквите  можности на жените и мажите  во 2017 година за период 01.01.- 31.12.2017 година**

Скопје
Март/2018

## 1. ВОВЕД

Извештајот за активностите на комисијата за еднакви можности е изготвен во насока да даде целосна слика за активностите на Комисијата за еднакви можности за 2017 год

Со овој извештај се опфатени планираните и потрошените сретства кои Комисијта за еднакви можности ги има реализирано во 2017 год.

## 1.Извештај за состојбата на еднаквите можности во единиците на локалната самоуправа за 2017 год

Општина Ѓорче Петров во периодот од 2017 год ги оствари следниве резултати во однос на предвидените цели :

Во насока на зајакнување на институционалните капацитети за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите, зголемени се знаењата и вештините на комисијата за еднакви можности, координаторот и дел од претставниците на општинската администрација за родова еднаквост преку обука за родовите односи како и изготвување на Стратегија за родова еднаквост, која официјално беше промовирана на празникот на Општината Ѓорче Петров .

Потпишан е меморандум за соработка со Национален Совет за родова рамноправност и УН Вомен.

Комисијат соработува и со НВО Женска Акција за унапредување на родовата еднаквост.

Со Национален совет за родова рамноправност спроведени се следните активности :

-Анкета за граѓаните за тоа колку се задоволни од направеното во Општината во изминтите години. Одржани се 2 фокус групи на жени неактивни маргинизирани жени социјални случаи, а втората група вработени жени и жени од бизнисот, а се со цел вклучување на жените на локално ниво на пазарот на трудот.

-Одржана е дебата за улична акција и унапредување на родовата еднаквост кај жените и заштита од семејно насилство и дискриминација.

Со УН Вомен одржани се следните активности ;

-Одржани се работилници со коордиторот Неда Малевска во врска со проектот на УН Вомен за родово одговорно буџетирање и родова статистика.

-Комисијата имаше проектни активности во врска со Твининг проектот на УН Вомен „Подршка за имплементација на родова еднаквост„ ; едукативни работилници и консултативна поддршка.

-Комисијата за еднакви можности на жените и мажите подготви Стратегија за родова еднаквост 2017-2022 која беше направена на работилница во Берово, а ја работеа тим на лица од општинската администрација и членови на комисијата .

Во програмта за социјална заштита вметнат е родовиот концепт и се планира сите програми да се родово сензитивни со поддршка на обучувач од УН Вомен.

Од полициска станица од општа надлежност од Ѓорче Петров даден е извесштај за состојбата со семејното насилство во Општината Ѓорче Петров кој покажува дека семејното насилство во општината е застапено и дека треба во иднина да се работи на превенција од истото.

Со НВО Женска Акција и УН Вомен изготвен е Извештај за унапредување на водоводната и канализациона мрежа во Општина Ѓорче Петров.

Во Општина Ѓази Баба одржана е работилница за координаторот и унапредување на взаемната соработка со координаторите на комисиите од општините од Градот Скопје каде беа креирани програмите за 2018 год како и др.теми од родова еднаквост.

Одржан е семинар за обучувачи за родово одговорно буџетрирање на ден 18. ти јуни во Охрид, за координаторот и член на комисијата за родова еднаквост .

Комисијата за родова еднаквост присуствуваше на прва национална конференција „ Жени во спорт„ организирана од страна на НВО Такт и УН Вомен во Сити Хол Центар на 1 ви Јуни2017 год.

Присусуствуваше на конференција за Родовата еднаквост и ЦОР- Една година подоцна во Холидеј Ин.

Комисијата за родова еднаквост присуствуваше на прва национална конференција „ Жени во спорт„ организирана од страна на НВО Такт и УН Вомен во Сити Хол Центар на 1 ви Јуни2017 год.

Присусуствуваше на конференција за Родовата еднаквост и ЦОР- Една година подоцна во Холидеј Ин.

Комисијата присуствуваше на комференција за родова еднаквост во Клуб на пратеници на ден

Комисијата одржа состанок со неколку НВО и беше договорено да се потпишат меморандуми за взаемна соработка со НВО со кои општинта ќе соработува .

За 2018 год. потпишан е меморандум за соработка со НВО „ Радика„ .

**2.Податоци за предвидени и релизирани сретства поединечно за Комисијата за еднакви можности**

Од планираните 320,000,00 ден. предвидени во Програмата на Општина Ѓорче Петров за 2017 година за потребите на комисијата за еднакви можности оваа година не се потрошени материјални сретства, но преку соработката со НВО Национален совет за родова рамноправност како и со УН Вомен со кои имаме потпишано Меморандум за соработка релизирани се дел од планираните активности од Програмата за родова еднаквост како и Акцискиот план за 2017 .

1. Проект на УН Вомен за родово одговорно буџетирање- работилници и активности на комисијата, изготвување и промоција на Стратегија за родова еднаквост .
2. Проект на Национален совет за родова еднаквост- Развој на стратегии за зголемување на вклученоста на жените на локално ниво; работилници фокус групи и дебати .
3. Активности по Акцискиот план за еднакви можности – Зајакнување на институционалните механизми за зајакнување на родовите прашања во програмите на општинта; обуки семинари зголемување на знаењата на координаторот и членовите на советот и општинската администрација .

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за заштита, спасување и кризи на Општина Ѓорче Петров за 2017 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишниот Извештај за реализација на Програмата за заштита, спсување и кризи на Општина Ѓорче Петров за 2017 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седмата седница на Советот, одржана на ден 13.03.2018 година.

**Број 09-829/8**
**од 13.03.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 7-мата седница одржана на ден 13.03.2018 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишен Извештај за реализација на Програмата за заштита, спасување и кризи во Општина Ѓорче Петров за 2017 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот Извештај за реализација на Програмата за заштита, спасување и кризи во Општина Ѓорче Петров за 2017 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-829/10**
**Од 13.03.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
**за реализација на Програмата за заштита, спасување и кризи за период од 01.01.-31.12.2017 година**

**Скопје, март 2018година**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**за реализација на Програмата за заштита, спасување и управување со кризи за 2017 година**

Согласно Програмата за заштита, спасување и кризи за 2017 година, заклучно со 31.12.2017 година, Општината Ѓорче Петров превзема низа мерки и активности за нејзино целосно реализирање.

Програмските цели и активности во тековниот период се остваруваа по приоритет, при што предност за реализација имаа оние делови од програмата кои допринесуваа за спречување на настанувањето на природните непогоди и други несреќи на територијата на општината и преземање на мерки за заштита и спасување во кризни ситуации.

За остварување на програмските активности, општината ги стави во функција потребните човечки ресурси, материјално-техничките средства и секако расположливите финансиски средства.

Со ваквиот пристап сметаме дека во основа планираните програмски активности во годишната програма се реализирани, со исклучок на некои предвидени активности кои бараа поголема финансиска подршка, а таква подршка општината немаше во овој извештаен период.

**А. Реализирани програмски активности**

**1.** Извршено е ажурирање на процената на загрозеноста од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Ѓорче Петров.

**2.** Ажурирани се мерките од Планот на општината за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.

Со изготвените документи се поставени потребните основи за заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи на ниво на општина, кои во иднина треба да се надградуваат.

**3.** Организирана и спроведена е дводневна обука со опоределените лица- припадници на општинската универзална единица за заштита и спасување. Обуката теоретски и практично е реализирана во организација на општината од страна на стручни лица од Дирекцијата за заштита и спасување – Центар за обука за заштита и спасување.

За определените лица кои беа вклучени во обуката се добиени соодветни сертификати за обученост.

**4.** Извршени се потребните сервисирања и одржување на противпожарните апарати кои се набавени за потребите на општинските објекти согласно законските нормативи и истите се распоредени во урбаните и месните заедници, општинскиот објект, центарот на културата, реонскиот парк, повеќенаменските спортски игралишта, стадионите, спортската сала „Христо Батанџиев", секторот за урбанизал и просториите за легализација. Исправноста и одржувањето се врши од страна на овластена фирма за оваа намена избрана по пат на јавна набавка.

Во 2017 година за ова намена се планирани 118.000,оо денари, а до 31.12.2017 година, потрошени се 18.989,оо денари. Помалку потрошените средства се резелтат на намалените цени од економскиот оператор по пат на електронска аукција.

**5.** Контролата и атестирањето на громобранските инсталации на општинските објекти се врши редовно, согласно законските прописи.

**6.**Редовно се врши пролетна и есенска дезинфекција и дератизација. Дезинфекцијата се врши на на објектите на јавните установи (основните училишта, градинката, месните заедници), а дератизацијата се врши на шахтите на територијата на општината. Дезинфекцијата и дератизацијата ја спроведува овластен економски оператор избран по пат на јавна набавка.

Во 2017 година за ова намена се планирани 109.221,оо денари, а до 31.12.2017 година, потрошени се 109.220,оо денари, по договорот за јавна набавка и 13.889,оо вон договорот за јавна набавка за вонредна дезинфекција на општинските основни училишта, а по интервенција на Министерството за образование и наука. Вкупно за ова намена се потрошени 123.109,оо денари. Ова активност од програмата ја следи Секторот за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и економски развој.

**7.**Осигурувањето на општинските објекти и тоа на сите основни и подрачни училишта, објектите на ЈОУДГ „Росица", урбаните и месните заедници, Центарот за култура и спортската сала „Христо Батанџиев", кои секоја година редовно се осигуруваат преку економски оператор избран по пат на јавна набавка..

Во 2017 годуина за таа намена се планирани 128.250,оо денари, а до 31.12.2017 година, потрошени се 128.250,оо денари

**8.** Зимското одржување на улиците и патиштата на територијата од Општина Ѓорче Петров, тековно се остварува преку економски оператор избран по пат на јавна набавка.

Во 2017 година, се планирани 1.947.700,оо денари, а до 31.12.2017 година, потрошени се 2..402.561,оо денари, дополнително е спроведена јавна набавка на износ од 999.999,оо денари, од кој износ на 16.01.2018 е исплатен износ од 507.817,оо денари .

Реализацијата на програмата за зимско одржување на локални патишта и улици е во надлежност на Секторот за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и економски развој, затоа по детални информации за начинот на реализавија на програмата ќе бидат дадени во нивниот извештај.

**9.** Оџаците на општинските објекти, објектите на основните и подрачните основни училишта, објектите на ЈОУДГ „Росица" редовно се чистат и одржуваат од страна на економски оператор избран по пат на јавна набавка. За 2017 година се планирани 282.281,оо денари, а до 31.12.2017 година, потрошени се 282.283,оо денари, два(2,оо) денари повеке од планираното.

**Не се реализирани следните активности:**

**1.**Опремувањето со облека, обувки и средства за работа, за членовите на општинскиот штаб и универзалната единица за заштита и спасување не е реализирано поради немање финансиски позиции во Буџетот на општината.

**2**.Опремувањето на универзалната единица за заштита и спасување, со потребната минимум опрема, не е реализирано од истите причини како во точка еден.

Од напред наведеното се гледа дека поголем дел од програмските цели во основа се реализирани, а делот кој не е реализиран е резултат на објективни причини и и недостаток на финансиски средства.

**Градоначалник**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Годишен финансов извештај на Општина Ѓорче Петров за 2017 година**

Се објавува Годишниот финансов извештај на Општина Ѓорче Петров за 2017 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои на Седмата седница на Советот, одржана на ден 13.03.2018 година.

**Број 09-829/9**
**од 13.03.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ  ПЕТРОВ
# ЗА 2017 ГОДИНА

**Скопје, Март 2017 година**

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ( Сл.весник на Р.М. бр. 61/04;96/04;67/07;156/09 , 47/11 и 192/15) и член 16 став 1 точка 2 од Статутот на општина Ѓорче Петров – Пречистен текст ( Сл. Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарна одлука за измени и дополнувања на Статутот (Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.13/14), Советот на општина Ѓорче Петров на 7-мата седница одржана на 13.03.2018 година, донесе

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2017 ГОДИНА

**Вовед**

### 1.1. Основни податоци за Општина Ѓорче Петров

Број на жители по попис од 2002 година : 41.680
Површина: 67 км2
Населени места(7): Ново Село; Волково; Кисела јабука; Орман; Кучково; Никиштани и Грачани

### 1.1.1 Опис на економските параметри на општината:

Според пописот на население од 2002 година, Општина Ѓорче Петров брои:
11.845 домаќинства,
13.896 станови
988 деловни субјекти од кои
424 се активни

Според податоците добиени од даночната администрација на Град Скопје, пријавени вкупно обврзници за данок на имот има 15.994 (во 2016 биле 14.463 за физички лица и 123 правно). Според овој податок има зголемување во број на обврзници за 1.408. За 2017 година даночната администрација на Град Скопје не ги дава поделени податоците за правни и за физички лица , туку вкупнен број. Од 2015 година бројот на решенија за данок на имот на физички лица го надмина бројот на евидентирани домаќинства по пописот од 2002 година
Базата на податоци континуирано се корегира. Се откриваат двојно оданочени објекти, но се пријавуваат и новооткриени.

Во општината постојат околу 20 поголеми деловни субјекти и занаетчиско услужни дејности кои се распоредени во различни гранки:
Градежна индустрија;
Прехрамбено преработувачка индустрија;
Текстилна индустрија;
Хемиска индустрија;
Пекарско-занаетчиски дејности;
Сервиси; услужни дејности ( дуќани, сендвичари, ресторани и сл.)
Филијали на неколку банки ( Комерцијална - две филијали, Стопанска, Охридска, НЛБ Тутунска, Прокредит банка, Шпаркасе банка, Халк банка и Уни банка);
Здравствени установи;

Во Општината има и институционални објекти:

Поликлиника со амбуланти во Дексион и Волково;
Геронтолошки завод;

Полициска станица;
Пожарникарска единица;
Касарна на единиците за брза интервенција;
Една градинка со пет клона;
Шест основни училишта со осум објекти, т.е. две подрачни;
Едно средно училиште – Гимназија;
Две спортски сали;
Стадион за спортски натпревари со помошно фудбалско игралиште;
Цркви, манастири и др.

**1.2. Буџет, Одлука за извршување на буџетот**

Буџетот на Општина Ѓорче Петров и Одлуката за извршување на буџетот за 2017, Советот на Општина Ѓорче Петров ги донесе на својата 58-та Седница одржана на 22.12.2016 година. Во текот на 2017 година се извршени 2 (два) Ребаланси на Буџетот и тоа на 24.02.2017 година и на 06.07.2017 година, една пренамена на средства во колона основен буџет на 70-та седница на Совет на 03.08.2017 година.

**Годишна сметка**

**2.1. Приходи на Општината**

| | | Опис на сметките | Основен буџет 2016 | | Основен буџет 2017 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | планирано | извршено | планирано | извршено |
| | | ВКУПНИ ПРИХОДИ | 258.135.650 | 168.574.072 | 276.705.000 | 182.670.175 |
| 71 | | Даночни приходи | 171.147.150 | 119.725.802 | 174.135.000 | 125.995.269 |
| | 711 | Данок од доход, добивка и капитални доб. | 8.870.000 | 8.342.651 | 9.270.000 | 8.911.845 |
| | 713 | Данок на имот | 46.510.000 | 43.253.289 | 51.280.000 | 31.064.418 |
| | 717 | Даноци од специфични услуги | 115.617.150 | 68.126.782 | 113.335.000 | 86.019.006 |
| | 718 | Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 150.000 | 3.080 | 250.000 | 0 |
| 72 | | Неданочни приходи | 12.000.000 | 4.819.395 | 15.400.000 | 18.688.382 |
| | 722 | Такси и надоместоци | 1.600.000 | 1.365.617 | 2.000.000 | 927.250 |
| | 723 | Административни такси и надоместоци | 1.800.000 | 1.761.212 | 1.800.000 | 963.793 |
| | 724 | Други владини услуги | 100.000 | 0 | 100.000 | 54.000 |
| | 725 | Други неданочни приходи | 8.500.000 | 1.692.566 | 11.500.000 | 16.743.339 |
| 73 | | Капитални приходи | 33.630.000 | 13.455.939 | 45.670.000 | 8.866.310 |
| | 731 | Продажба на капитални средства | 20.000 | 0 | 20.000 | 0 |
| | 733 | Продажба на земј.и нематер.вложувања | 33.610.000 | 13.455.939 | 45.650.000 | 8.866.310 |
| 74 | | Трансфери и донации | 41.358.500 | 30.572.936 | 41.500.000 | 29.120.214 |
| | 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 44.358.500 | 30.572.936 | 41.500.000 | 29.120.214 |

Од табелата се забележува дека остварувањето на вкупни приходите споредено со 2016 година бележи зголемување од 8,35%. Во внатрешната структура на приходи состојбата е различна, зголемување бележат групите 71 - Даночни приходи и група 72- неданочни приходи, група 73- капитални приходи бележи намалување, група 74- Трансфери и др. донации има минимално намалување.

Во рамките на група 71, влегува персоналниот данок каде има зголемување од 2,97% во однос на 2016 година, но данок на имот на општината бележи намалување за 28,18%, даноци од специфични услуги бележи зголемување за 26,24%.Во овие приходи се содржи надоместокот за уредување на градежно земјиште. Приходите од такси за користење или дозволи за вршење на дејност ( тоа се глобите) не се реализирани .

Неданочните приходи, група 72, во однос на 2016 година бележи зголемување и тоа за четирикратно. Ова зголемување се должи на наплата на договорната казна од приватниот партнер - Трансмет, поради каснење во изградбата на објектот на општинската зграда. Во овие приходи се содржи и самопридонесот од месното население за изградба на фекалната канализација во реонот на Волково, кој бележи намалување. Од 2013 година кога почнаа да се склучуваат договори со странките за одложено плаќање до 12 месечни рати средствата примени во апсолутен износ се намалија, а истовремено и рокот за наплата се продолжи.

Капиталните приходи, група 73 во однос на минатата година бележат намалување за 33,96%. Тие се содржат од приходи од продажбата на државно земјиште, но и од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.

Во трансфери и донации или групата 74 се бележи намалување во однос на 2016 година за 4,75%. Овде се содржани трансферите за ДДВ, трансфер од Ј.П. за државни патишта и капитални трансфери од други нивоа на власта.

Планирањето и реализацијата на планот се гледаат од графичкиот приказ што следи, единствено поголемо отстапување има во даночните приходи:




Во графиконот што следи, се гледаат разликите во реализацијата на приходите по групи споредени со реализираните во 2016 година и она што беше погоре текстуално објаснето со проценти, графиконот го покажува со еден поглед, кои приходи се пораснати, а кои се намалени.




Во табелата што следи пак се прикажува структурното учество на реализираните приходи во текот на 2017 година по сметки:

| | |
|---|---|
| Основен буџет | 182.670.175 |
| Дотации | 167.206.004 |
| Самофинансирачки активности | 24.412.459 |
| Донации | 2.410.179 |
| Кредити | 6.744.022 |
| ВКУПЕН БУЏЕТ | 383.442.839 |




Оваа година повторно најголемео учество во структурата на консолидираниот буџет и тоа со 47,64% има основниот буџет . Потоа следат дотациите со 43,61%; Приходите од самофинансирачките

активности на градинките и основните училишта учествуваат со 6,37%. Кредитот во структурата на Буџетот учествува со 1,76%. Донациите се со најмал процент од 0,63%.

Иако дотациите секоја година по малку се зголемуваат во однос на претходната, се уште не ги задоволуваат потребите на училиштата и градинките, посебно во делот на одржување на градежните објекти. Поради тоа, Општина Ѓорче Петров дополнително ги финансира овие надлежности.

